45

НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НОТАРИУС

CHAMBRE DES NOTAIRES
DE LA RÉPUBLIQUE
DE MACÉDOINE DU NORD



Издавач:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Главен и одговорен уредник:
нотар **Игор Ефремоски**

Редакциски одбор:
нотар **Вјолца Мехмеди,**
нотар **Цеца Малева Стоев,**
нотар **Лидија Симонова Трајчева,**
**Садула Изаири,** судија во Основен суд Тетово
д-р **Горан Коевски,** редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје
д-р **Дејан Мицковиќ,** редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје

Адреса:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
бул. „8 Септември” бр. 2/2, 1000 Скопје,
Тел.: 02 3115 816
Секретар: 078 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk
www.nkrm.org.mk
Даночен број: МК 4030998346127
Жиро сметка: 240010000006382
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектор:
**ЗОРИЦА МАНАСКОВА**

Графички дизајн и техничко уредување:
**СТУДИО КРУГ Скопје**

Печати: **ПРОПОИНТ Скопје**

Тираж: **300** примероци

Изнесените ставови и мислења и презентираните факти во трудовите објавени во Нотариус се на авторите и не секогаш ги одразуваат ставовите и мислењата на издавачот.

Дел од терминологијата која се користи во текстовите, специфична за проблематиката на темите во весникот, е оставена онака како што мислеа авторите, без поголема лекторска анализа.
Од лекторот

# НОТАРИУС 45

## СОДРЖИНА >>


**ГЛАВА I**
СТРУЧНИ ТЕМИ . . . . . 5

НАСЛЕДНО ПРАВНИ ДОГОВОРИ
проф. д-р Афет Мамути . . . . . 7

СУДСКА (НОТАРСКА) ТАКСА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ (ОБВРСКИ НА НОТАРОТ)
Теофил Томановиќ, судија во пензија . . . . . 19

ЗА ПРАВОТО, ПРАВДАТА И ПРАВИЧНОСТА И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ
д-р Фиданчо Стоев, судија во пензија . . . . . 27

**ГЛАВА II**
ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР НА ОРГАНИ НА НОТАРСКА КОМОРА . . . . . 38

ЧЛЕНОВИ НА НОТАРСКАТА АКАДЕМИЈА . . . . . 37

**ГЛАВА III**
СЕНТЕНЦИ . . . . . 39

**ГЛАВА IV**
ЈАВНИ ОПОМЕНИ . . . . . 47

**ГЛАВА V**
ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ . . . . . 57

ИМЕНИК НА НОТАРИ, . . . . . 59

ИМЕНИК НА ПОМОШНИЦИ НОТАРИ . . . . . 84

ПЕНЗИОНИРАНИ НОТАРИ ВО 2025 . . . . . 87

# ГЛАВА I >>
## СТРУЧНИ ТЕМИ

# НАСЛЕДНОПРАВНИ ДОГОВОРИ

**проф. д-р Афет Мамути**


## Апстракт

Основите за наследување, кои традиционално се засноваа на законот и тестаментот како главни основи, со новиот предлог на Граѓанскиот законик се прошируваат со уште една основа, договорот за наследување. Овој договор претставува повисок облик на автономно уредување на наследувањето, бидејќи, за разлика од тестаментот, кој е еднострана и ревокабилна изјава на последната волја, договорот создава цврста и обврзувачка правна врска меѓу странките, со поголема правна сила и стабилност. Со неговото воведување се заокружува системот на наследни основи и се овозможува посеопфатно и попредвидливо уредување на наследноправните односи.

Во рамките на новиот предлог на Граѓанскиот законик на Република Северна Македонија, предвидено е воведување и усогласување на три наследноправни договори: договорот за наследување, договорот за отстапување имот за време на живот и договорот за доживотна издршка. Договорот за наследување се предвидува за првпат и претставува современ правен инструмент со кој странките можат да уредат пренос на имот по нивната смрт, со цел да се обезбеди правна сигурност и почитување на волјата на тестаторот.

Договорот за отстапување имот за време на живот и договорот за доживотна издршка веќе беа дел од Законот за облигациони односи, но во новиот предлог ќе бидат внесени измени со цел нивно попрецизирање, усогласување со современата правна практика и обезбедување поголема правна јасност и сигурност за сите засегнати страни.

Со воведувањето и усовршувањето на овие договори се комплетираат можностите за регулирање на наследноправните односи, обезбедувајќи рамка која го балансира интересот на волјата на странките и заштитата на нужните наследници. Ова претставува значаен придонес кон современото наследноправно уредување и ги унапредува правната сигурност и предвидливоста во имотноправните односи.


**Клучни зборови:** наследување, договор за наследување, доживотна издршка, отстапување имот за време на живот, граѓански законик.

## Договор за наследување

За разлика од досегашната регулатива во нашето позитивно право, со која преку Законот за наследување се предвидува ништовност на секој

договор со кој се располага со идно наследство,[1] Предлог-Граѓанскиот законик[2] воведува нова, современа концепција на договорот за наследување, ограничена исклучиво на брачните и вонбрачните партнери. Со ова решение се надминува старото апсолутно ограничување и се создава можност за договорно уредување на наследните односи, при што законодавецот настојува да воспостави рамнотежа меѓу автономијата на волјата и заштитата на нужните наследници.

**Општо** - Договорот за наследување има дејство mortis causa, односно го произведува своето правно дејство по смртта на оставителот, преку кое се уредува располагањето со оставината. За време на животот, договорните страни можат слободно да располагаат со својот имот, освен ако поинаку не е предвидено со договорот. Кога двете страни се именуваат меѓусебно за наследници или определуваат трето лице како наследник, договорот има заемен, односно двостран карактер. Ако, пак, само едната страна ја назначува другата како свој наследник, тогаш станува збор за едностран договор. Кога договорот се склучува меѓу родителите или трето лице и брачните партнери, се работи за повеќестран договор за наследување.

Според начинот на постигнување на согласноста на волјата на договорните страни, договорот за наследување претставува консензуален договор, односно билатерален правен акт кој произлегува од согласноста на странките и создава обврзувачки наследноправни последици, кој се однесува на преминувањето на оставината по смртта на едната од страните. Договорот се смета за склучен во моментот кога договорните страни ќе постигнат согласност за неговите суштествени елементи (*essentialia negotii*).[3]

Во однос на правната природа, договорот за наследување може да биде доброчино правно дело, што претставува најчест случај во практиката, кога се склучува без надомест. Меѓутоа, доколку е предвиден некаков вид надомест во корист на оставителот, како на пример, доживотна издршка или доживотна рента, договорот добива товарен карактер.

Разликувањето на договорот за наследување од сродните институти, како што е тестаментот, е од суштинско значење. Додека тестаментот е еднострано правно дело кое го изразува последниот чин на волјата на тестаторот, договорот за наследување е двострано или повеќестрано правно дело, чие постоење зависи и од волјата на другите договорни страни.[4] Поради тоа, тестаментот може да се отповика или измени еднострано, додека договорот за наследување не може да биде еднострано раскинат или изменет. Исто така, тестаментот секогаш има доброчин карактер, додека договорот за наследување може да биде и товарен ако предвидува издршка или друг надомест.

Покрај тоа, формата за склучување на договорот за наследување е построга во споредба со тестаментот, бидејќи тој мора да биде составен во форма на јавна исправа за да произведе правно дејство.

Договорот за наследување е еден од трите можни правни основи за наследување покрај законот и тестаментот. Во правните системи каде што е дозволен, договорот за наследување преовладува над сите други основи, а тестаментот преовладува над законското наследување.[5]

**Поим** - Во правната доктрина не постои унифицирана и општоприфатена дефиниција за поимот *договор за наследување*. Сепак, најчесто се прифаќа дека станува збор за правно дело со кое страните располагаат со својот имот, односно за договор преку кој се уредува наследувањето меѓу договорните страни или во корист на трето лице, или правно дело со кое странките уредуваат располагање со својата идна оставина. Договорот за наследство е билатерален правен акт кој е договорно обврзувачки, односно не може слободно да се повлече, и содржи најмалку една диспозиција *mortis causa* (по смртта на лицето).[6]

Кај делот од Предлогот на Граѓанскиот законик

[1] Член 7 и член 8 од Закон за наследувањето, Службен весник на Република Македонија бр.47/96, od 12.09.1996

[2] Работна верзија на Предлог-Граѓански законик на Република Северна Македонија, подготвен од Комисијата за изработка на Граѓанскиот законик, Книга петта – Наследноправни односи

[3] Дејан Ђурђевић, „Аргументи за и против увођења уговора о наслеђивању у српско право", Анали Правног факултета у Београду, година LVII, број 2/2009, стр. 187–190

[4] Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Наследно право", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2020, стр. 61

[5] Lucia Ruggeri, Ivana Kunda, Sandra Winkler (eds.), Family Property and Succession in EU Member States: National Reports on the Collected Data, University of Rijeka, Faculty of Law, Rijeka, 2019, стр. 210

[6] Helms, Tobias, Contracts of Inheritance and Joint Wills, Max Planck Institute for Comparative and International Private Law (Max EuP 2012)

што го уредува договорот за наследување, тој е дефиниран како договор со кој брачните или вонбрачните партнери располагаат со целиот или со дел од својот имот во случај на смрт,[7] при што можат меѓусебно да се определат за наследници. Ова решение ја ограничува можноста за склучување вакви договори исклучиво меѓу партнери во брачна или вонбрачна заедница, со што законодавецот настојува да спречи евентуални злоупотреби и да ја задржи институцијата во рамките на семејно наследноправниот контекст.

Наспроти ова, швајцарскиот Граѓански законик, изграден врз германскиот модел, предвидува три основни форми на договор за наследување:

1. Позитивен договор за наследување, со кој се определува наследник или повеќе наследници (универзална сукцесија);

2. Договорен легат (contrat de legs), кој се однесува на одредена ствар или право од оставината (сингуларна сукцесија);

3. Негативен договор за наследување, со кој законскиот наследник целосно или делумно се откажува од наследството.[8]

За разлика од швајцарското и германското право, кои дозволуваат поширока автономија на волјата и применливост на договорите и со трети лица (на пример, родители и деца), нашата регулатива ја сведува оваа можност исклучиво на брачните и вонбрачните партнери, што претставува поконзервативен, но и побезбеден модел.

Ваквата законска поставеност го прифаќа само позитивниот облик на договорот за наследување меѓу партнерите, додека негативниот договор за откажување од наследство и договорниот легат не се предвидени како посебни форми. Со тоа, нашиот законодавец прави баланс меѓу модерниот компаративен пристап и традиционалните наследноправни принципи, задржувајќи ја заштитата на нужните наследници и сигурноста на правниот промет.

Во делот на семејните и наследноправните односи од Предлог-Граѓанскиот законик се користи терминот „брачни партнери“, а не „брачни другари“, како што беше традиционално користен во досегашното законодавство, вклучително и во Законот за семејство. Оваа промена има симболичка и нормативна тежина.

Со употребата на зборот „партнери“, законодавецот:

- се оддалечува од терминологијата на поранешниот општествен систем, каде што изразот „другар“ имаше идеолошка конотација;
- воведува понеутрален и современ израз, кој е во склад со европските законски трендови и со јазикот на Советот на Европа и правото на ЕУ;
- исто така, ја нагласува рамноправноста на брачните и вонбрачните заедници, бидејќи и двата типа на односи се третираат под истиот термин „партнери“.

Оваа дефиниција го истакнува основниот карактер на договорот за наследување како правен инструмент преку кој страните однапред определуваат како ќе се распореди нивната оставина по нивната смрт. Таа се фокусира на волјата на страните да го регулираат својот имотен статус по животот, што е основна функција на ваквите договори. За разлика од сегашното решение, наместо наследниците да можат да наследат само врз основа на закон и тестамент, партнерите договараат меѓусебно кој ќе го наследи имотот кога еден од нив ќе почине.

Став 2 од член 5:150 од Предлогот на Граѓанскиот законик предвидува дека со договорот за наследување може да се определи едниот брачен или вонбрачен партнер да го наследи другиот, или двајцата партнери меѓусебно да се наследат, при што наследството може да се однесува на целиот имот на другиот, на дел од имотот, или на целиот имот наедно да се уредува меѓусебно наследување, така што при смрт на едниот, другиот автоматски го наследува.

**Страни на договорот** – Според одредбите на Предлогот на Граѓанскиот законик, член 5:151, договор за наследување може да склучат брачните партнери кои се деловно способни, односно полнолетни и психички способни за давање изјави на волја, како и вонбрачните партнери чија заедница е регистрирана согласно со закон. Во овој член се уредува личната способност и

[7] Член 5:150 став 1 од Предлог на Граѓански законик на РСМ, Книга петта – Наследноправни односи,

[8] Ghandchi Schmid, Jasmin. Résiliation et annulation des pactes successoraux. Zürich: TREX, Nr. 12 (2005), стр.100

кругот на лица кои можат да бидат странки во договор за наследување, ограничувајќи го правото за склучување на овој вид договор само на брачно и вонбрачно партнерство. Според законикот, не се дозволува склучување договор за наследување меѓу други лица, како што се: родители и деца, браќа и сестри, други роднини или трети лица.

**Форма** – Договорот за наследување се склучува во форма на нотарски акт во присуство на двајцата брачни или вонбрачни партнери.[9] Овој член ја утврдува строгата форма што мора да се почитува при склучување на договорот за наследување. Договорот за наследување мора да биде составен во форма на нотарски акт, што значи дека: договорот го составува нотар. Оваа форма има улога на јавна исправа, која гарантира правна сигурност, вистинитост и автентичност на изјавите на волја. Во случај да не се почитува оваа форма, договорот е ништовен и не произведува правни последици.

Законот изрично бара присуство на двајцата брачни или вонбрачни партнери при склучувањето на договорот. Тоа значи дека договорот не може да се склучи преку полномошник, туку лично, а нотарот мора да ја провери деловната способност и вистинитоста на волјата на секоја страна во моментот на потпишувањето. Нотарот не е само технички посредник, туку има и советодавна и превентивна функција, да се увери дека страните ги разбираат содржината и последиците на договорот; да спречи евентуални злоупотреби, измами или притисоци; да обезбеди дека договорот е во согласност со законските ограничувања.

Оваа форма е во согласност со компаративните решенија во германското, швајцарското и австриското право, каде што исто така се бара лично присуство на страните и нотарски акт за да се потврди вистинитоста и сериозноста на нивните изјави.

**Правна природа** – Член 5:153, став 1 од Предлогот на Граѓанскиот законик предвидува дека договорот за наследување предизвикува правно дејство во моментот на смртта на договорниот оставител *(mortis causa)*, при што се уредуваат правната природа и последиците од договорот, со посебен акцент на моментот на настапување на дејството, заштитата на трети лица и располагањето со имотот, така што, додека оставителот е жив, договорот не создава непосредни права за наследникот.

Нужните наследници го задржуваат правото на својот законски нужен дел од оставината на договорниот оставител, при што, дури и ако постои договор за наследување, тие не го губат правото на својот законски определен дел – ова е основен принцип кој има за цел да ги заштити законските наследници и да спречи целосно игнорирање на нивните права, така што договорот за наследување не може да ги наруши нивните законски интереси, туку се применува само во делот што не ги загрозува нужните делови.[10]

Договорниот оставител не може слободно да располага со имотот што е предмет на договорот за наследување додека е жив, освен ако со самиот договор не е предвидено поинаку, што го ограничува ризикот од злоупотреба или отуѓување на имотот, додека истовремено законодавецот оставил можност страните да предвидат и поинакво располагање овозможувајќи флексибилност во уредувањето на имотот.

Кога предмет на договорот за наследување е недвижен имот кој е запишан во јавна книга, договорот се прибележува во јавната книга на катастарот на недвижности, што претставува важен механизам за правна сигурност, слично како во германското и швајцарското право, каде што наследниот договор за недвижен имот се внесува во соодветни јавни регистри.

Како и секој договор, така и договорот за наследување е правен акт со кој странките можат спогодбено да го уредат наследството и, по потреба, да влезат во промени, измени или раскинување, но само со заемна согласност и во формата во која бил склучен, доколку договорот бил нотарски составен, а измената, исто така, мора да се изврши пред нотар со присуство на двете страни, што ги зачувува формалната сигурност и валидноста на правниот акт.

Брачниот или вонбрачниот партнер може еднострано да го отповика и раскине договорот за

[9] Член 5:150 став 1 од Предлог на Граѓански законик на РСМ, Книга петта – Наследноправни односи

[10] Ibid. Член 5:153, Став 2

наследување доколку договорниот наследник со своето однесување повредил морална или законска норма која претставува основ за исклучување од наследство.[11] Овој член предвидува можност за еднострано отповикување или раскинување на договорот за наследување, но само под строго утврдени услови, при што оваа можност не претставува слободно право на договорниот оставител, туку е ограничена со постоење на сериозна причина – кога договорниот наследник со своето однесување повредил морална или законска норма што е основ за исклучување од наследство. Во суштина, едностраното раскинување или отповикување на договорот за наследување се дозволува само кога постои тежок и објективно оправдан основ, како во случај кога договорниот наследник покажал крајна неблагодарност, извршил насилство, измама или друго сериозно прекршување на должностите кон оставителот, со што се нарушува довербата што е темел на наследноправниот договор и се создава правен основ за негово еднострано раскинување.

Раскинувањето на договорот претставува начин на негово престанување кој може да се постигне и со заемна согласност на страните,[12] што произлегува од основното „начело на слободно уредување на облигационите односи“,[13] според кое договорите се создаваат со усогласување на волјата на страните, а со исто такво усогласување можат и да се раскинат. За да биде можен раскин на договорот, тој не смее да биде целосно извршен, туку само неизвршен или делумно извршен. Овој принцип се совпаѓа со природата на договорот за наследување, бидејќи неговите правни ефекти настапуваат post mortem, што овозможува страните, додека се живи, со заемна согласност да го изменат или раскинат.

Едностраното раскинување на договорот за наследување е возможно и кога договорот има двострано обврзувачки карактер, односно кога за другата страна се предвидени одредени обврски, па доколку договорниот наследник не ги исполни своите обврски, оставителот има право еднострано да го раскине договорот, но само ако ги има исполнето своите обврски или е подготвен да ги исполни, а другата страна не ги исполнила своите без оправдана причина.

Отповикувањето претставува еднострано правно дејство на оставителот со кое се укинува важноста на договорот за наследување за во иднина, при што престануваат неговите идни правни последици. Отповикување поради недостојност, пак, претставува еднострано правно дејство со кое се укинува договорот кога договорниот наследник со своето однесување станал недостоен за наследување. Отповикување на договорот поради немање средства за живот, како што е предвидено кај договорот за дар, не се применува во случај на договор за наследување, бидејќи овој договор се склучува меѓу брачни или вонбрачни партнери кои живеат во заедница, па немањето материјални средства на едниот реално значи немање и на другиот, поради што таквиот основ не би бил соодветен за отповикување на наследноправниот договор.

Според член 5:156 од Предлогот на Граѓанскиот законик, договорот за наследување престанува со развод или поништување на бракот, како и со престанок на вонбрачната заедница. Оваа одредба воспоставува јасен принцип дека валидноста и дејството на договорот за наследување се условени од постоењето на брачната или вонбрачната заедница, бидејќи тој се заснова на меѓусебната доверба, блискоста и заедништвото на животот меѓу партнерите. Со престанокот на тие односи, исчезнуваат и правниот и моралниот темел што го оправдуваат меѓусебното наследување, па затоа договорот по автоматизам престанува да важи.

Ова решение има за цел да спречи ситуација во која поранешен брачен или вонбрачен партнер би наследил по договор склучен во време кога постоела заедница, што би било спротивно на начелата на правичност и логика на семејното и наследното право. Слични решенија постојат и во германското, австриското и швајцарското право, каде што со престанок на брачниот однос автоматски престануваат и наследноправните договори, освен ако во самиот договор изречно не е предвидено поинаку. Таквиот пристап овозможува правна сигурност и доследност во

[11] Ibid, Член 5:155

[12] Галев, Г. и Дабовиќ Анастасовска, Ј. (2021). Облигационо право (додипломски студии). Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, стр. 406

[13] Член 3 од Законот за облигациони односи, Службен весник на Република Македонија бр. 18/01 од 05.03.2001

примената на наследното право, при што се почитува волјата на странките, но и природата на односот врз кој се темели самиот договор за наследување.

## Договор за отстапување имот за време на живот

Овој договор е уреден во делот на Законот за облигациони односи (членови 1022–1028), а сега како предлог се предлага да биде дел од ГЗ, во Книга V – наследноправни односи, членови 5:156–5:161.

Ова е суштинска промена, бидејќи законодавецот веќе не го гледа овој договор само со облигациони правни ефекти, туку како мешан институт со наследноправна природа, бидејќи директно влијае на кругот на наследници и на оставината. Кај новиот предлог на овој договор терминолошки се користат попрецизни изрази. Така, терминот ‘оставител’, кој се употребуваше во ЗОО, е заменет со терминот ‘отстапувач’, со цел да се избегне каква било забуна помеѓу моментот на живот и смрт.

Новата верзија има за цел да ги модернизира формата и терминологијата, се прилагодува на нотаријатскиот систем и ги поедноставува процедурите, каде што јасно се дефинира надлежноста на нотарот, а судијата веќе не се споменува и кога ќе се прочита договорот и ќе ги предупреди договарачите за последиците од него или за судска заверка.

Договорот за отстапување имот за време на живот има за цел пренесување на сопственоста на целиот имот или на дел од имотот од отстапувачот на потомците. Според овој договор, отстапувачот веќе не може да располага со тој имот со какви било правни работи меѓу живите или во случај на смрт, бидејќи над тие предмети веќе нема ниту фактичка, ниту правна власт.

Договорот за отстапување имот за време на живот, заедно со договорот за продажба, за размена, за заем и за дар, припаѓа на тие договори што служат за пренос на правото на сопственост.[14]

Имајќи ја предвид неговата облигационо-правна суштина, правна природа и содржина, договорот за отстапување имот за време на живот логично беше предвиден во Законот за облигациони односи, а не во Законот за наследување.

За разлика од сегашните одредби што го уредуваат овој договор, во иднина се предлага тој, заедно со уште двата други договори, да биде вклучен во Граѓанскиот законик, кај наследноправните односи. Ова претставува враќање на поранешната состојба, кога овој договор бил дел од Законот за наследување од 1973 година, под слично име: „Отстапување и распределба на имотот уште за животот“.

Она што тогаш го правело овој договор дел од тој закон биле токму одредбите што му давале наследноправен карактер, кои денес не се содржани во сегашниот текст на законот. Тогаш постоела конкретна одредба што ги објаснувала наследноправните ефекти на договорот, член 112 кој вели: „Кога предокот кој уште за животот извршил отстапување и распределба на својот имот ќе умре, неговата оставина ќе ја сочинуваат само оние негови добра што не биле опфатени со отстапувањето и со распределбата, како и добрата со кои дополнително се здобил. Добрата што ги добиле порано неговите потомци со отстапувањето или распределбата не влегуваат во неговата оставина и не се земаат предвид при утврдувањето вредноста на оставината“.

По изоставањето на оваа одредба за овој договор, доминира гледиштето дека договорот за отстапување имот за време на живот не создава директни последици во наследното право,[15] како тестаментот или наследувањето по закон, туку се заснова на договорна волја меѓу живи лица, каде што се применуваат правилата од Законот за облигациони односи, особено во поглед на формата, согласноста и можноста за раскинување или отповикување.

Како страни во овој договор се појавуваат предокот или отстапителот на имотот од едната страна и примателите на отстапувањето или потомците на отстапителот, како и неговиот брачен и вонбрачен партнер од другата страна. Иако тоа не е изразено експлицитно, се поставува прашањето дали под поимот „потомци“ се подразбира дека странки во договорот мора да бидат децата на отстапителот, или на нивно место

[14] Гале Галев и Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Облигационо право, Центар за европско применето право и економија (ЦЕППЕ), Скопје, 2009, 563

[15] Кирил Чавдар и Кимо Чавдар, Закон за облигационите односи – коментари, објаснувања, практика и предметен регистар, второ изменето и дополнето издание, Агенција „Академик“, Скопје, 2008, стр.1140

можат да настапат и внуците, односно правнуците на отстапителот? Во овој случај, како потомци се сметаат само оние лица кои во моментот на потпишувањето на договорот би биле повикани на наследство во случај на смрт на отстапителот. Бидејќи станува збор за договор каде што законската одредба не налага директна примена на институтот на право на претставување, ако детето како наследник од прв наследен ред не го надживее оставителот, неговото место го заземаат неговите потомци (внуците на оставителот). Ова значи дека ако детето од прв наследен ред е живо во моментот на склучувањето на договорот, неговите потомци не можат да бидат странка и да го потпишат тој договор.

Ова прашање се надоврзува на одредбата од член 109 од поранешниот Закон за наследување од 1973 година, каде што изречно се предвидуваше дека „предокот може со договор уште за животот да им го отстапи и раздели својот имот на своите деца и на своите потомци". Со оваа формулација законодавецот тогаш недвосмислено ја утврдуваше можноста внуците да бидат странки во договорот, но само во случај кога нивните родители (потомците поблиску) не се живи, со што се почитуваше принципот на наследно претставување.

Во новиот предлог на член 5:158 став 5 од Предлог-Граѓанскиот законик, оваа логика е посредно задржана, бидејќи се вели дека отстапувањето останува полноважно ако потомокот што не се согласил умрел пред отстапувачот, а не оставил свои потомци. Од ова произлегува дека доколку оставил потомци (внуци), тие можат да влезат во правниот однос наместо него, што индиректно ја потврдува истата идеја од Законот од 1973 година.

При составуваање на договорот, потомците треба да ја докажат својата роднинска врска со отстапувачот со приложување извод од матичната книга на родени, или, доколку се брачни партнери, со извод од матичната книга на венчани, со кој се потврдува постоењето на законито склучен брак. Кога е во прашање вонбрачна заедница, [16] доказ може да биде потврдата за регистрирана вонбрачна заедница.

Странки во овој договор можат да бидат исклучиво физички лица, бидејќи договорот се заснова на лична доверба и на семејни правни односи меѓу отстапувачот и неговите потомци или неговиот брачен, односно вонбрачен партнер.

Оттука, може да се заклучи дека, согласно со член 95 од Законот за семејство, со посвојувањето се создаваат односи какви што настануваат и со раѓањето, што значи дека посвоениците се сметаат за потомци на посвојувачот/отстапувачот и можат да се јават како странки во договорот за отстапување имот за време на живот, на рамноправен начин со биолошките деца.

Отстапувањето и распоредувањето на имотот е полноважно единствено ако со тоа се согласиле сите потомци и брачниот или вонбрачниот партнер на остапувачот кои според законот ќе бидат повикани да ја наследат неговата оставина.[17] Правото да учествуваат во договорот го имаат само оние потомци кои во моментот на склучување би биле повикани да наследат според редот на наследување, односно децата на отстапувачот, доколку се живи. Внуците и правнуците не можат да бидат директни странки во договорот, бидејќи тие би наследувале само по право на претставување, доколку нивниот родител не е жив. Отстапувачот не може самоволно да го подели имотот само на некои од своите потомци, бидејќи за полноважност на договорот е потребна согласност од сите лица кои би имале наследно право во моментот на неговата смрт. Со тоа се спречува можност еден од нив да биде оштетен уште за време на животот на оставителот. Доколку некој од потомците или брачниот, односно вонбрачниот партнер, не даде согласност, договорот не е полноважен и нема правно дејство.

Новото решение, во смисла на формата на договорот, бара договорот да биде „составен во форма на јавна исправа,[18] како нотарски акт или со-

[16] Сега засега, нашето право не ја признава вонбрачната заедница како формална врска со наследни последици, но со новиот предлог на Граѓанскиот законик, во делот кој се однесува на семејните односи, се предлага признавање на регистрирана вонбрачна заедница, што ќе има директни импликации и врз наследноправните односи.

[17] Член 5:158 ст. 1 од Предлогот на Граѓанскиот законик на РСМ.

[18] Јавна исправа е документ со посебна доказна сила, составен од јавен орган во рамките на неговата надлежност, кој гарантира дека содржината и потписите се вистинити и правно валидни. Во договорот за отстапување имот за време на живот, таа форма служи за заштита на правата на сите приматели на имот и на самиот отстапувач. Од ова произлегува дека нотарските акти имаат карактер на јавни исправи, бидејќи нотарот, како носител на јавна служба со законски овластувања, дејствува во својство на државен орган. Според член 215 од Законот за парнична постапка, јавна исправа е документ издаден од надлежен орган во пропишана форма што докажува вистинитост на она што е потврдено или определено во неа, а согласно со член 2 од Законот за нотаријат, нотарската служба е самостојна и независна јавна служба што врши работи од видот на јавни овластувања.

лемнизирана приватна исправа", за разлика од сегашното, кое бара „договорот да биде само во писмена форма и заверен од надлежен суд или нотар". Значи со новото решение се предлага договорот да има повисок степен на формалност и поголема доказна сила во споредба со сегашното решение, каде што се бара договорот да биде составен во писмена форма и заверен од надлежен суд или од нотар. Оваа форма е услов за неговата правна важност и има за цел да обезбеди правна сигурност, транспарентност и заштита на интересите на сите договорни страни.

Договорот за отстапување имот за време на живот е консензуален договор, бидејќи настанува во моментот кога договорните страни ќе се согласат за суштествените елементи на договорот.[19]

Договорот за отстапување имот за време на живот ја менува својата правна природа во зависност од тоа дали отстапувачот добива нешто за возврат или не. Кога предокот безусловно го пренесува имотот на своите потомци без да побара никаква противуслуга, договорот има едностранo дејство, бидејќи само отстапувачот презема обврска, додека примателите не преземаат ништо за возврат. Меѓутоа, кога отстапувачот задржува одредено право врз имотот што го отстапува, како што е правото на користење, живеење, или кога со договорот се предвидува некаква обврска од страна на потомците, како редовна исплата, издршка или друг вид надомест, договорот добива двострано обврзувачки карактер.[20]

Отстапувањето или распределбата на имотот за време на живот може да се однесува исклучиво на имот кој реално постои во моментот на склучувањето на договорот. Тоа значи дека оставителот може да го отстапи само постоечкиот имот кој во моментот на отстапувањето се наоѓа во негова фактичка и правна власт, а не и имот што би можел да го стекне во иднина.

Во случај кога не сите законски наследници дале согласност за отстапувањето на имотот, тоа отстапување не може да се смета за полноважно како распределба на имотот. Наместо тоа, деловите од имотот што ги добиле наследниците кои ја дале својата согласност се третираат како дар од страна на отстапителот. Клучен услов за валидно отстапување е согласноста на сите потомци и брачниот/вонбрачниот партнер. Ако еден или повеќе наследници не се согласат, договорот не може да се третира како правно валиден за распределба на наследството.

Имотот што сепак бил пренесен на другите наследници се смета за подарок. Во случај на смрт на отстапителот, ако е повреден нужниот дел, а отстапувањето е извршено или без согласност на сите наследници во последните 90 дена од неговиот живот, имотните делови се враќаат до висината потребна за надополнување на нужниот дел.[21]

Исто така, отстапените делови на другите наследници ќе се сметаат како подарок ако на отстапителот по отстапувањето му се роди дете или се појави наследник што бил прогласен за умрен.[22] Доколку по склучувањето на договорот за отстапување му се роди дете на отстапителот, тоа дете станува нов законски наследник. Со оглед на тоа што детето не постоело во моментот на отстапувањето, не можело да даде согласност. Затоа, распределбата што ја направил отстапителот се смета како подарок, и тоа дете има право да бара израмнување. Исто и кога наследникот што бил прогласен за умрен подоцна се појави жив, тој повторно стекнува статус на наследник. И во тој случај, отстапувањето извршено без негова согласност губи правна сила како распределба и се третира како подарок, што може да биде предмет на враќање при делбата.

При отстапувањето, нотарот ќе го поучи отстапителот дека тој може да задржи одредени стварни права врз тој имот, наместо да се откаже од сè. Овие права според овој став може да се однесуваат за отстапителот, за неговиот брачен или вонбрачен партнер или за некое трето лице.[23] Конкретно, отстапителот може да го задржи правото на плодоуживање, да договори доживотна рента, да прима доживотна издршка или друг вид надоместок.

[19] Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Наследно право, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2020, стр. 307.

[20] Ibid..

[21] За повеќе види: членовите 38, 50 и 54 од Законот за наследување, „Службен весник на Република Македонија", бр. 47/96

[22] Член 5:160, став 2 од Предлог-Граѓански законик.

[23] Ibid., Член 5:161, став 1.

Ако правото на плодоуживање или рента за брачни или вонбрачни партнери се договорени за двајцата брачни партнери заедно, тогаш, кога едниот од нив ќе почине, правото на плодоуживање или рентата се префрла целосно на преживеаниот брачен партнер, сè до неговата смрт, освен ако во договорот е предвидено нешто поинакво или околностите на случајот диктираат нешто друго.

## Договор за доживотна издршка

Во правната литература, како и во судската практика, овој договор е толку детално разработен во сите свои аспекти, правна природа, настанување, права и обврски на странките и престанување со сите правни последици, што се стекна широко распространето познавање за него и кај граѓаните, слично на договорот за продажба. Во современото општество, овој договор доби карактер на инструмент за згрижување и издржување на постари и немоќни лица, наместо да се користи првенствено за пренос на имот на давателот на издршката.

Според член 5:163 од Предлог-Граѓанскиот законик, кај договорот за доживотна издршка, давателот на издршката се обврзува да го издржува доживотно примателот на издршката или некое трето лице, а примателот на издршката во надомест му остава точно определени ствари и права кои ги поседува[24] во моментот на склучувањето на договорот, чие предавање е одложено сè до неговата смрт. Фразата „чие предавање е одложено сè до неговата смрт" значи дека предметот на договорот, стварите или правата што примателот на издршката ги остава како надомест не му се предаваат веднаш на давателот на издршката, туку преносот на сопственоста или правата се случува само по смртта на примателот на издршката. Според насловот и содржината на овој договор, тој не може да биде временски ограничен, односно не може да се врзе со рок, ниту пак е предвидена можност неговата важност да се ограничи со рок или условен рок.

Врз основа на своите карактеристики, договорот за доживотна издршка е консензуален договор кој настанува во моментот кога страните ќе се согласат за суштинските елементи на договорот. Ова значи дека договорот има алеаторен карактер, бидејќи неговите ефекти се одложени и зависат од неизвесен настан, смртта на примателот на издршката.

Како субјекти на договорот за доживотна издршка се јавуваат примателот и давателот на издршката, при што доживотното издржување може да се договори и во корист на трето лице, кое тогаш се појавува како примател на издршката.

Законот не поставува посебни ограничувања во однос на тоа кое физичко лице може да биде примател на издршката, ниту во поглед на возраста или деловната способност. Договорот за доживотна издршка најчесто се склучува со постари или изнемоштени лица кои располагаат со одреден имот и преку овој договор сакаат да си обезбедат основни животни услови, грижа и нега, особено кога повеќе не се во можност самостојно да се грижат за себе. Иако во практиката примател на издршката најчесто е лице во понапредната животна доба, законот не поставува ограничувања во поглед на возраста или деловната способност на примателот. Затоа, договорот може да се склучи и во корист на малолетно лице или лице без деловна способност, при што во негово име договорот го потпишува законскиот застапник или старател. Во теоријата е изразен ставот дека издржување може да се договори и во корист на насцитурусот (*nasciturus*), при што таквиот договор би бил двојно условен – за да произведе правни дејства, детето мора да се роди живо, а неговиот законски застапник треба да го прифати новороденото дете како бенефицијар на договорот.[25]

Како даватели на доживотно издржување можат да се појават и повеќе лица заедно, кои за своите обврски ќе одговараат солидарно кон примателот на издржувањето, бидејќи обврската за издржување е неделива.[26] Повеќе даватели на издржување се појавуваат во случај кога сопруж-

[24] Терминот „ги поседува" е непрецизно употребен во овој контекст. Земајќи ги предвид овластувањата на стварно-правниот титулар (jus utendi, jus fruendi, jus abutendi), поседот или jus possidendi претставува фактичка власт, која припаѓа на носителот, според која тој нема право на располагање со стварите. Затоа, изразот треба да се замени со „ги располага", бидејќи овој договор претставува основа за пренесување на правото на сопственост.

[25] Ива Тухтан Гргиќ, „Specifičnosti ugovora o doživotnom uzdržavanju u korist trećega", LIBER AMICORUM in honorem Vilim Gorenc, Риека, 2014, стр.380-381.

[26] Игор Гавриќ, „Subjekti ugovora o doživotnom izdržavanju", Rasprave, Правен факултет, Универзитет во Крагуевац, 2014, стр.434

ниците го склучуваат овој договор со примателот на издржувањето. Но, додека не се изврши делба на заедничкиот имот, брачниот другар не може самостојно да располага со својот дел од имотот или да го оптовари со правно дејство меѓу живите.[27]

Иако договорот за доживотна издршка претставува правно дело меѓу живите, ефектите на преносот на сопственоста на добрата настапуваат со смртта на примателот на издршката. Судската практика прифаќа дека брачниот другар може да склучи договор за доживотна издршка и за својот дел од поделениот заеднички имот, аналогно на тестаментарното распоредување. (Одлука на Врховен суд, според Законот на наследување 1973.) Кога брачни другари, примачи на издршката, ќе склучат договор за доживотна издршка, по смртта на едниот брачен другар преживеаниот брачен друѓар може да бара, доколку се исполнети условите за тоа, раскин на договорот само во оној дел на имотот што му припаднал нему, а не и во делот на имотот што му припаѓал на починатиот брачен другар.[28] Во случај кога договорот за доживотна издршка го склучил еден од сопружниците како давач на издршка, но обврските од тој договор ги исполнувале двајцата сопружници, се смета дека имотот стекнат врз основа на тој договор претставува заеднички имот на сопружниците.[29] Во практиката може да се јави ситуација кога примателот на издршката е во брак и живее заедно со давателот на издршката. Сепак, по правило, ваквите договори се склучуваат заеднички од двајцата брачни партнери и обично со блиско роднинско лице како дател на издршката. Во судската практика е истакнато дека договорот за доживотна издршка е дозволен и може да се склучи и ако примателот и давателот се брачни партнери, при што договорот не произведува правно дејство само ако едната и другата страна истовремено дејствуваат и како дател и како примател на издршката. Дател на издршката, освен физичко лице, може да биде и правно лице, при што правното лице треба да врши дејност која е поврзана и соодветна на грижата и негата на постари и немоќни лица, како што се социјалните и здравствените установи.

Договорот за доживотна издршка од страна на судот може да се прогласи за ништовен. Во таквиот случај, договорот нема правно дејство од самиот почеток *(ex tunc)*, односно се смета како да не постоел никогаш, бидејќи не постоела потреба за издршка или издршката не е давана. Ако нема потреба од издршка, тогаш нема основна причина (кауза) за склучување на овој вид договор. Од друга страна, ако давателот на издршката не го исполнувал она што го презел како обврска, тогаш се докажува дека договорот бил фиктивен и дека служел за некоја друга цел, а не за вистинска издршка. Ако некој пренесе имот преку договор за доживотна издршка, но вистинската намера не е издршка, туку да се спречи наследниците да добијат свој нужен дел, тогаш се смета дека договорот е злоупотребен и дека прикрива поинаква намера, бидејќи не се исполнува она што формално е преземено како обврска.

Според член 33, став 2 од Законот за наследување, во оставината не влегуваат добрата со кои оставителот располагал со договорот за доживотна издршка, а чие предавање на давателот на издршката е одложено до смртта на примателот на издршката.

Договорот за доживотна издршка се составува во форма на јавна исправа како нотарски акт или солемнизирана приватна исправа,[30] со лично присуство на двете договорни страни и двајца сведоци. Исклучително, давателот на издршката може да биде застапуван од полномошник, при што полномошното мора да ги содржи точните податоци за лицето со кое ќе се склучи договорот и прецизна определба на содржината на договорот.

Кога предмет на договорот за доживотна издршка е недвижност, при неговото склучување, иако примателот на издршката останува сопственик на недвижноста до крајот на својот живот, договорот мора да се прибележи во јавна книга во Катастарот на недвижности.

Давателот на издршката не одговара по смртта на примателот на издршката за неговите долгови, но може да се договори дека тој ќе одговара за неговите постојни долгови на определени доверители.[31]

[27] Mateja Erdelec, Imovinskopravni odnosi u braku, Pravnog fakulteta Osijek, 2018, стр.23.

[28] Пресуда Рев. бр. 89/86 од Врховен суд на Македонија, 11.03.1986 година.

[29] Реш. Рев. бр. 587/85 од Врховен суд на Република Србија, Окружен суд во Белград, реш. Гж. 2576/2003, од 30.06.2003.

[30] Чл. 5:164 ст. 1 од Предлог на Граѓанскиот законик на РСМ.

[31] Ibid., Чл. 5:166.

Бидејќи договорот е израз на волјата на страните преку кој се остваруваат конкретни правни последици во рамките на облигационото право, договорот за доживотна издршка може спогодбено и да се раскине.

Страните може да го раскинат договорот за доживотна издршка само по почетокот на неговото извршување, односно по моментот кога давателот на издршката почнува да ги исполнува своите обврски. Ова значи дека договорот не може да се раскине пред да се започне со конкретното исполнување на обврските од него. Договорот може да се раскине спогодбено во истата форма од страна на договорните страни.

Ако по склучувањето на договорот приликите се промениле толку што неговото исполнување станало значително отежнато, договорот не мора да се извршува во истиот обем ако се промениле околностите до таа мера што извршувањето станало значително отежнато.

Кога давателот на издршката ќе почине, неговите обврски не престануваат автоматски. Тие можат да преминат на неговиот брачен партнер и на потомците кои имаат право на наследство, но само ако тие доброволно се согласат преку склучување нов договор или анекс кон постојниот договор. Ако брачниот партнер и потомците не се согласат да го продолжат договорот, а немаат оправдана причина за тоа, договорот престанува и тие немаат право на надоместок за претходно даваната издршка.[32] Тоа значи дека согласноста е клучна за продолжување на обврските.

Според точките 3 и 4, ако примателот на издршката не се согласува да го продолжи договорот со наследниците на давателот, или ако наследниците не се во состојба финансиски, здравствено или поради други оправдани причини да ги преземат тие обврски, тогаш тие имаат право да бараат надоместок од примателот за издршката којашто веќе му била дадена од починатиот.

Последниот став го уредува начинот на кој се утврдува висината на надоместокот кога договорот за доживотна издршка престанал, а постои право на надомест за веќе дадената издршка. Судот има дискрециono овластување, односно по слободна оцена ја определува висината на надоместокот, без строго утврдена формула или математичка пресметка. Притоа, судот ги зема предвид сите конкретни околности на случајот, особено имотната состојба на примателот на издршката, имотната состојба на лицата кои имале право да го продолжат договорот, како и времетраењето и обемот на дадената издршка.

## Литература


- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследно право*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2020

- Галев, Г. и Дабовиќ Анастасовска, Ј., *Облигационо право*, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2021.

- Гале Галев и Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, *Облигационо право*, Центар за европско применето право и економија (ЦЕППЕ), Скопје, 2009.

- Кирил Чавдар и Кимо Чавдар, *Закон за облигационите односи – коментари, објаснувања, практика и предметен регистар*, второ изменето и дополнето издание, Агенција „Академик“, Скопје, 2008.

- Lucia Ruggeri, Ivana Kunda, Sandra Winkler (eds.), *Family Property and Succession in EU Member States: National Reports on the Collected Data*, University of Rijeka, Faculty of Law, Rijeka, 2019

- Ангел Ристов, „Дали е потребен договорот за наследување во македонското наследно право“, Нотариус број 19

- Helms, Tobias, *Contracts of Inheritance and Joint Wills*, Max Planck Institute for Comparative and International Private Law (Max-EuP 2012)

- Дејан Ѓурѓевиќ, „Аргументи за и против увођења уговора о наслеђивању у српско право“, *Анали Правног факултета у Београду*, година LVII, број 2/2009.

- Ghandchi Schmid, Jasmin. *Résiliation et annulation des pactes successoraux.* Zürich: TREX, Nr. 12 (2005).

- Ива Тухтан Гргиќ, „Specifičnosti ugovora o doživotnom uzdržavanju u korist trećega“, *LIBER AMICORUM in honorem Vilim Gorenc*, Риека, 2014.


[32] Ibid.Чл. 5:169 ст. 2.

- Игор Гавриќ, „Subjekti ugovora o doživotnom izdržavanju“, *Rasprave*, Правен факултет, Универзитет во Крагуевац, 2014.

- Mateja Erdelec, *Imovinskopravni odnosi u braku*, Pravnog fakulteta Osijek, 2018.

- Работна верзија на *Предлог-Граѓански законик на Република Северна Македонија*, подготвен од Комисијата за изработка на Граѓанскиот законик, Министерство за правда на РСМ.

- Закон за наследувањето, Службен весник на Република Македонија бр. 47/96, од 12.09.1996

- Закон за облигациони односи, Службен весник на Република Македонија бр. 18/01 од 05.03.2001

- Германски граѓански законик (BGB)

- Општ граѓански законик на Австрија (ABGB)

- Швајцарски граѓански законик (ZGB)

- Француски граѓански законик (Code civil)

- Пресуда Рев. бр. 89/86 од Врховен суд на Македонија, 11.03.1986 година.

- Реш. Рев. бр. 587/85 од Врховен суд на Република Србија, Окружен суд во Белград, реш. Гж. 2576/2003, од 30.06.2003.

# СУДСКА (НОТАРСКА) ТАКСА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ (ОБВРСКИ НА НОТАРОТ)

**Теофил Томановиќ**
судија во пензија

## Вовед

Судската такса е вид приход на државата кој претставува еквивалент на услуги кои државните или јавно-правните органи им ги даваат на физички и правни лица. Законот кој го уредува прашањето на судските такси е Законот за судските такси („Сл. весник на РМ“ бр. 114/09), кој, според член 1, го уредува прашањето на плаќањето на судските такси за дејствијата пред судовите во Република Северна Македонија, и Таксената тарифа, која е составен дел на овој закон.

Според член 8 од Законот за судските такси, судските такси се приход на Буџетот на Република Северна Македонија, а според член 3 став (1), таксите пропишани со овој закон е должно да ги плати лицето по чиј предлог се поведува постапката или во чиј интерес се преземаат дејствијата во постапката (таксен обврзник – физичко или правно лице).

Бидејќи согласно со член 2 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16) нотарската служба е јавна служба, а согласно со член 3 став (1) ја врши нотар кој има јавни овластувања утврдени со закон, со член 158 став (1) од наведениот закон е утврдено дека за службените дејствија што ги презема нотарот се плаќа такса, врз основа на закон, а тоа е веќе споменатиот Закон за судските такси (Законот за судските такси, како таков, директно се наведува во член 77 и член 158 став (3) од Законот за нотаријатот). Според член 158 став (2) од Законот за нотаријатот, нотарот е должен да води грижа за тоа дали странката уредно ја платила таксата за службените дејствија што тој ги презел. Нотарот не смее да ја издаде бараната исправа на странката пред да докаже дека ја платила таксата. Ваквата обврска на нотарот е утврдена и со член 153 став (7) од Законот за нотаријатот, според кој нотарот нема да ја издаде нотарската исправа или решение кое го донесува согласно со одредбите од овој закон доколку странките претходно не ги надоместат наградата и трошоците на нотарот и адвокатот и таксите утврдени со овој закон. Според член 158 став (3) од Законот за нотаријатот, видот и висината на таксата се утврдува согласно со Законот за судските такси, намалена за 75 %.

Меѓутоа, веднаш треба да се укаже дека судската такса никако не смее (не треба) да се поисто-

ветува со нотарската награда на која нотарот има право согласно со член 153 став (1) од Законот за нотаријатот и Нотарската тарифа, како и со правото на надоместок на трошоците во врска со преземените нотарски дејствија.

На значењето на судската такса, како приход на Буџетот на државата, пред сѐ укажува член 4 став (1) од Правилникот за начинот на вршење надзор над законитоста на работењето на нотарот („Сл. весник на РМ" бр. 2267/2016), според кој надзорот над законитоста на работењето на нотарот опфаќа и уредно водење евиденција за наплатената нотарска награда, трошоци и таксата, со каква што содржина е и член 9 став (1) алинеја 5) од Правилникот за вршење надзор над работењето на нотарите од страна на овластените комисии на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Нотарската комора), според кој надзорот ја опфаќа и наплатата на судска такса (објавен во „Нотариус" бр. 42/24).

Дополнително, за значењето на навремената наплата и уплата на судската такса укажува и член 140 став (1) алинеја 2) од Законот за нотаријатот, според кој дисциплинска повреда сторена од страна на нотарот претставува и неводењето евиденција за наплатена награда, трошоци и такса согласно со овој закон и подзаконските акти, за што се изрекува дисциплинска мерка – парична казна во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност или привремено одземање на правото на вршење на нотарската служба во траење од три до шест месеци. Имено, согласно со член 130 став (1) од Законот за нотаријатот, Министерството за правда, преку Комисија составена од претставници на Министерството за правда и судија од надлежниот суд на подрачјето на кое се наоѓа седиштето на нотарот, врши надзор над законитоста на работењето на нотарот, кој честопати резултира и со поднесување предлози за поведување дисциплинска постапка против нотарот и поради непочитување на законските одредби со кои е уредено прашањето на плаќањето на судската такса (наплата и уплата) согласно со Законот за судските такси, а по кои постапува Дисциплинскиот совет на Нотарската комора.

Начелно, обврските на нотарот во врска со судската такса се одвиваат во две фази, и тоа: првата, која се однесува на наплатата на судската такса од страна на таксениот обврзник, и втората, која се однесува на уплатата на судската такса во полза на трезорската сметка – Буџетот на Република Северна Македонија, која претставува платежна сметка која се води во Народна банка на Република Северна Македонија, а која содржи систем на платежни сметки, управувани од Трезорот, преку кои се евидентираат приливи и одливи за буџетските корисници.

Веќе е кажано дека согласно со член 3 став (1) од Законот за судските такси, таксите пропишани со овој закон е должно да ги плати лицето по чиј предлог се поведува постапката или во чиј интерес се преземаат дејствијата во постапката (таксен обврзник). Висината на судската такса е утврдена со Таксената тарифа која, согласно со член 1 од Законот за судските такси, е составен дел на овој закон. Според член 6 став (1) од Законот за судските такси, нецелосно платената или неплатената такса го задржува текот на судската постапка, ако со овој закон не е определено поинаку (предното се однесува и на постапките кои ги води нотарот).

Прашањето за наплата и уплата на судска такса подетално е уредено со член 51 став (1) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземањето други формални дејствија („Сл. весник на РМ" бр. 226/16), според кој судската такса за нотарската услуга се плаќа така што нотарот ја наплаќа судската такса од таксениот обврзник во готови пари, што го евидентира во засебно издадената фискална сметка. Според став (2), наплатените судски такси во текот на работното време или најдоцна до наредниот работен ден од страна на нотарот се уплатуваат на соодветна уплатна сметка преку носителот на платниот промет, на образец ПП-50-налог за јавни приходи. Од страна на нотарот се изготвува дневна

спецификација за предметите за кои извршил уплата на судската такса. Копија од уплатницата и примерок од дневната спецификација се приложуваат кон секој предмет за кој е платена судската такса. Со иста содржина е и член 3 од Правилникот за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет („Сл. весник на РМ" бр. 76/2012). Прашањето за уплатата на судската такса преку интернет подетално е уредено со член 4, а уплатата преку мобилен оператор со член 5 од наведениот Правилник.

Доразработувајќи ги цитираните одредби, Стручниот совет на Нотарската комора, на ден 17.03.2016 година, согласно со член 18 од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, има усвоено Заклучок, кој е потврден од страна на Управниот одбор на Нотарската комора на ден 11.06.2016 година (објавен во „Нотариус" бр. 42/24), според кој: според точка 1), наплатените судски такси во текот на работното време или најдоцна до наредниот работен ден нотарот е должен да ги уплати на соодветна сметка; според точка 2), судската такса која е наплатена во текот на последниот работен ден во неделата (петок), а не е уплатена во истиот ден, нотарот е должен да ја уплати во првиот работен ден; според точка 3), судската такса која е наплатена во текот на денот пред државен празник, утврден со Законот за празниците на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 21/98), нотарот е должен да ја уплати во првиот работен ден по државниот празник; според точка 4), нотарот е должен да изготви дневна, а не збирна споецификација на предметите за кои извршил уплата на судската такса, и според точка 5), нотарот е должен копијата од уплатницата и примерок од спецификацијата да ги приложи кон секој предмет за кој е платена судската такса (во ОДУ предметите се приложува во секој предмет, а во УЗП предметите се приложува во дневната обвивка).

Секој нотар е должен да води фискална такса – сметка на која се врши уплата на нотарската награда, трошоците на постапката и на судската такса.

При анализа на прашањата поврзани со судската такса, треба да се појде од содржината на Законот за нотаријатот, според кој, начелно, постојат различни режими при наплатата на судската такса кога се во прашање јавните исправи од член 3 став (2) (нотарски акт, потврдување приватни исправи и др.), потоа решенија за издавање нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа (членовите од 68 до 81) и, конечно, кога нотарот, согласно со член 147 и член 148, постапува како повереник на судот или друг орган (оставинска постапка и др.)

## Судска такса за составување нотарски акт, потврдување приватна исправа и др.

Во предметите во кои се составени нотарски акти или се потврдени приватни исправи (солемнизација) и др. (член 4 став (1) од Законот за нотаријатот) нотарот ги изготвува нотарските исправи, при што, според вредноста на предметот на правното дело, ја утврдува висината на судската такса согласно со Законот за судските такси – Таксена тарифа. За заверка на потписи, ракописи, фотокопии, преписи и преводи, висината на судската такса е определена со Таксена тарифа бр. 10, со точка 7) е определен начинот на утврдување на вредноста на предметот, а во Забелешката е наведено дека: ако таксата не е платена, не се врши заверка, потоа дека за заверка на потпис и печат се плаќа една такса, но дека не се плаќа такса за заверка на исправи за остварување на правата од социјално осигурување во странство). Следствено, нотарот изготвува дефинитивна сметка (судска такса, нотарска награда и трошоци на постапката), врз основа на која изготвува фактура која се доставува до учесникот кој ја побарал нотарската услуга. Во случај ако судската такса е уплатена претходно, нотарот, преку увид во фискалната каса која се води во нотарската канцеларија, ќе провери дали нејзината висина одговара на вредноста на правното дело врз кое се пресметува. Во случај ако судската такса не е правилно пресметана и уплатена, странката ќе биде должна дополнително да ја уплати разликата на помалку уплатената судска такса. Имено, според член 27 став (1) од Законот за судските такси, ако судот (читај:

нотарот) прими поднесок од странка за кој не е платена такса или таксата не е платена целосно, или ако странката не доставила потврда за платената такса која се плаќа во готови пари, судот (нотарот) на подносителот ќе му достави налог за плаќање на таксата со укажување на тоа дека е должен да ја плати во рок од пет дена од денот на приемот на налогот и воедно ќе ја предупреди странката за последиците од неплаќањето на таксата. Во овој случај, странката плаќа такса и за доставениот налог за плаќање.

Нотарот ги изготвува нотарските исправи и ги доставува до странките откако претходно ќе биде уплатена судската такса. Оваа обврска за нотарот се темели врз член 158 став (2) од Законот за нотаријатот. Меѓутоа, во практиката, без оглед на забраната од член 158 став (2) од Законот за нотаријатот, има случаи кога нотарот има странки со кои редовно соработува и меѓу нив е воспоставена целосна деловна доверба, поради што нотарот не чека странката да ја исполни наведената обврска туку ја изготвува и ја доставува нотарската исправа. Тоа значи дека нотарот, во поглед на судската такса, во ваков случај ја авансира обврската на странката која е должна претходно да ја уплати и тоа е ризик на нотарот. Токму поради тоа, во практиката има случаи кога на странката ѝ е доставена нотарската исправа, меѓутоа истата не ја исполнила наведената обврска, што е причина нотарот, со поднесување предлог за издавање решение за нотарски платен налог преку полномошник-адвокат, а врз основа на издадена фактура како веродостојна исправа, да изврши наплата на своето побарување (ваквите случаи се среќаваат и во постапките за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа). Инаку, ваквото постапување на нотарот е санкционирано како дисциплинска повреда утврдена со член 140 став (1) алинеја 2) од Законот за нотаријатот – „неводење евиденција за наплатена награда, трошоци и такса согласно со овој закон и подзаконските акти“, и такви случаи се среќаваат во практиката на Дисциплинскиот совет, кој постапува по предлозите за поведување дисциплинска постапка поднесени од страна на Министерството за правда, но и од страна на Нотарската комора.

## Судска такса во постапка за издавање решение за нотарски платен налог

Според член 77 од Законот за нотаријатот, во постапката пред нотарот за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, со исклучок на случаите предвидени со член 68 став (3) (за предлог, решение и приговор), се плаќа судска такса согласно со Законот за судските такси, како што е веќе образложено, намалена според член 158 став (3) од Законот за нотаријатот, според кој видот и висината на таксата се утврдува согласно со Законот за судските такси и е намалена за 75 %. Според член 75 став (2) од Законот за нотаријатот, нотарот не наплаќа судска такса за издавање нотарски платен налог за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште. Меѓутоа, според член 71 став (1) од Законот за нотаријатот, ако доверителот, освен во случај на поднесен предлог за издавање решение за нотарски платен налог од член 68 став (3) од овој закон, не ја плати судската такса во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, нотарот ќе донесе решение со кое предлогот за издавање нотарски платен налог ќе се смета за повлечен поради неплатена судска такса, против кое, согласно со став член 71 став (5), дозволен е приговор во рок од осум дена, по кој одлучува надлежниот суд на чие подрачје се наоѓа седиштето на нотарот кој постапува по предлогот. Предното е аналогно на член 417-а) од Законот за парничната постапка, според кој за тужба со предлог за издавање судски платен налог се плаќа такса во рок од осум дена, а во спротивно, тужбата се смета за повлечена. Притоа, нотарот е должен да провери дали судската такса е одмерена согласно со Таксената тарифа – 1. Поднесоци – Тарифен број 1 точка 1), и доколку утврди дека е пресметана во помал износ, ќе го извести доверителот дека треба да изврши доплата на судската такса. Ако доверителот во рок од пет дена по приемот не постапи по известувањето (налогот), нотарот ќе постапи согласно со член 71 став (1) од Законот за но-

таријатот, а во врска со член 27 став (3) од Законот за судските такси, според кој нецелосно платената такса за тужба во парнична постапка се смета за неплатена такса.

Бидејќи решението за нотарски платен налог нотарот треба да го издаде во роковите определени со член 71 став (6) од Законот за нотаријатот (веднаш или најдоцна во рок од три дена од приемот на предлогот), во практиката нотарите постапуваат различно. Едните веднаш го издаваат решението за нотарски платен налог, без доставен доказ дека судската такса е уплатена, меѓутоа не го доставуваат до странките, а другите решението го издаваат откако ќе бидат платени судската такса, нотарската награда и трошоците на постапката.

Одделно е прашањето за наплата на судска такса за изјавен приговор против решението за нотарски платен налог. Дали нотарот е должен да обезбеди доказ дека таксата е платена, па дури потоа предметот да го достави до надлежниот суд? Според правното мислење на Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Северна Македонија (23.02.2015 година), точка 4): „Бидејќи приговорот се поднесува до нотарот, тој ја врши наплатата на таксата, а потоа предметот комплетиран го праќа до судот“.

Во врска со практичната примена на точка 4) од наведениот Заклучок, во нотарската практика се појави проблем поради спротивното мислење на Управата за јавни приходи – Генерална дирекција – Центар за наплата на глоби и други јавни приходи – Скопје, која во повеќе дописи упатени до нотарите, во врска со нивното барање за наплата на судската такса за изјавен приговор против решението за нотарски платен налог, меѓу другото, ги известува дека: „Следствено на цитираните законски одредби, само надлежниот суд може да побара наплата на судска такса“, поради што барањето за наплата на судската такса се враќа до нотарот.

Меѓутоа, во врска со ова прашање, Основниот суд Скопје 2 – Скопје уште во текот на 2018 година ја има известено Нотарската комора дека одреден број нотари при постапувањето по предметите за нотарски платни налози не водат сметка и не ја наплатуваат судската такса за поднесен приговор против решението за издаден нотарски платен налог.

Постапувајќи по наведеното известување на Основниот суд Скопје 2 – Скопје, Нотарската комора ги има известено нотарите (9 јули 2018 година) дека Стручниот совет при Нотарската комора има усвоено заклучок, кој е усвоен и од страна на Управниот одбор на Нотарската комора, а според кој, точка 1): „Согласно со член 72 став (3) од Законот за нотаријатот и член 428-а став (2) од ЗПП, нотарот е должен во рок од три дена по приемот на приговорот да ги достави списите заедно со приговорот до надлежниот суд на чие подрачје е седиштето на нотарот. Бидејќи рокот од три дена е краток за да се наплати судската такса, упатно е нотарот во пропратното писмо што го доставува до судот да напомене дека е поведена постапка за наплата на судската такса (односно дека му дал налог на должникот за плаќање на судската такса или повел постапка пред УЈП) и дека тие докази ќе бидат доставени дополнително заради здружување кон истиот предмет“, и според точка 2), дека „Со член 77 од Законот за нотаријатот е уредено дека во постапката пред нотар за издавање решение за нотарски платен налог (за предлог и решение) се плаќа судска такса согласно со Законот за судските такси, намалена според Законот за нотаријатот. Но, и покрај тоа што во оваа одредба не е споменат приговорот (приговорот, како процесно дејствие, е внесен во член 77 со член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, објавен во „Сл. весник на РМ“ бр. 233 од 20.12.2018 година), сепак, обврската на нотарот за наплата на судската такса за приговор е содржана во напомената на Штембилот за издавање решение за нотарски платен налог (Образец бр. 20 кој е избршан со Правилникот објавен во „Сл. весник на РМ“ бр. 19/24 од 26.01.2024 година).

Анализирајќи го ова прашање, треба да се има предвид дека и во изминатиов временски период прашањето на судската такса за изјавен приговор против решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа согласно со членовите од 16-а) до 16-ж) од Законот за извршување („Сл. весник на РМ“ бр. 83/09), кои престанале да важат и да се применуваат со-

гласно со член 177 став (1) и член 184 од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ" бр.72/16), сметано од 1 јануари 2017 година, од кога почнуваат да се применуваат членовите од 68 до 81 од Законот за нотаријатот, во делот кој се однесува на решението за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа. Имено, според член 16-ж) став (1) од Законот за извршување, во постапка за донесување решение со кое се дозволува извршување, како и по приговор против решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, се плаќа судска такса согласно со Законот за судските такси, намалена според Законот за нотаријатот.

Во наведената смисла е и Правното мислење на Стручниот совет на Нотарската комора од 17.05.2014 година („Збирка на правни мислења, заклучоци и обрасци" – 2011-2014, стр. 68) според кое, според точка 1), нотарот нема да донесе решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа ако доверителот не ја плати судската такса за предлог и решение. Без да го опомене доверителот, нотарот ќе донесе решение со кое предлогот се смета за повлечен ако доверителот во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот за извршување не ја плати судската такса за предлог и решение согласно со член 417-а) од ЗПП, а според точка 2), во случај кога во текот на постапката за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа судската такса за службените дејствија што ги презема нотарот (судска такса за приговор и жалба, за предлог за укинување потврди на правосилност и извршност и сл.) не е платена или таксата не е платена целосно, нотарот е должен да постапи согласно со член 30 ставови (1), (2) и (3) од Законот за судските такси, а по известувањето за прием на барањето од Управата за јавни приходи, нотарот продолжува со преземањето на дејствијата во постапката.

Поаѓајќи од воспоставената практика, а имајќи ја предвид сличноста на приговорот кој се изјавувал согласно со дерогираниот член 16-д) од Законот за извршување и член 72 став (1) од Законот за нотаријатот, по кои и во двата случаи одлучува основниот суд согласно со одредбите од Законот за парничната постапка, во прво време нотарите постапувале според наведеното Правно мислење на Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Северна Македонија, во поглед на судската такса за поднесен приговор согласно со соодветните одредби од Законот за судските такси.

Меѓутоа, проблемот се појави во моментот кога Управата за јавни приходи – Генерална дирекција Скопје – Центар за наплата на глоба и други јавни приходи почна да им ги враќа барањата на нотарите за присилна наплата на судската такса согласно со член 30 од Законот за судските такси, со укажување дека „само надлежниот суд може да побара наплата на судска такса". Од тој момент, во практиката почнаа да се јавуваат различни постапувања, како на надлежните судови, така и на нотарите, бидејќи некои нотари продолжија да поднесуваат барања за наплата на судска такса, кои им беа враќани од Управата за јавни приходи, а некои предметите ги доставувале до надлежните судови со напомена дека судската такса за приговор не е наплатена. И самите судови постапувале различно, бидејќи едните предметите ги враќале до нотарот за наплата на судската такса, а другите ја наплатувале самите.

При изготвувањето на трудот, од разговорот со повеќемина нотари, авторот има сознание дека во врска со приговор кој доверителот или должникот го изјавува против решението за нотарски платен налог согласно со член 72 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарите постапуваат на следниов начин: ако приговорот се доставува непосредно во нотарската канцеларија, тогаш истиот ќе биде примен само ако судската такса, правилно пресметана, ќе биде уплатена. Во спротивно, приговорот нема да биде примен. Ако приговорот е доставен преку пошта, со препорачана пратка, а судска такса не е уплатена, истиот ќе биде примен во нотарската канцеларија, а потоа, со исполнување на сите други процесни услови, заедно со списите на предметот, ќе биде доставен до надлежниот суд. Нотарите, вообичаено, во пропратното писмо нагласуваат дека судската такса не е наплатена. Конечно, во сегашната секојдневна практика, надлежните судови, главно, не ги враќаат списите на предметот до нотарот за наплата на судската такса, бидејќи сами преземаат дејствија согласно со член 30 од Законот за судските такси.

Според мислењето на авторот, доколку и во иднина во поглед на судската такса за изјавен приговор против решение за нотарски платен налог постојат различни постапувања на надлежните судови и Управата за јавни приходи, упатно ќе биде тоа прашање да биде разгледано од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи и Нотарската комора, со цел да биде заземен единствен став (заклучок) по кој треба да постапуваат, како судовите и нотарите, така и Управата за јавни приходи.

На потребата од заземање единствен став укажува и образложението на Министерството за правда дадено во предлог за поведување дисциплинска постапка против нотар (29.01.2023 година), во кое изразува несогласување со претходните решенија на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора, со кои нотарите се ослободени од дисциплинската одговорност дека сториле дисциплинска повреда поради непочитување на законскиот рок од три дена од член 72 став (3) од Законот за нотаријатот (се однесува на достава на списите по изјавен приговор до надлежниот суд), а според кое, цитираме: „Министерството за правда смета дека ваквите образложенија во одлуките на Дисциплинскиот совет немаат законска основа во Законот за нотаријатот, Законот за судските такси, ниту пак во Законот за парничната постапка. Имено, нотарот во постапката за донесување решение за издавање нотарски платен налог е должен да внимава на уплатата на судските такси кои се уплатуваат за поднесен предлог за донесување решение за издавање нотарски платен налог, за што го обврзуваат одредбите од член 71 од Законот за нотаријатот. Во случај на неплатена судска такса, законот предвидува правна последица предлогот за донесување решение за издавање нотарски платен налог да се смета за повлечен. Но во случај на поднесен приговор против решение на нотар со кое е издаден нотарски платен налог, обврската на нотарот е да го достави приговорот од должникот во законски утврдениот рок од три дена, согласно со Законот за нотаријатот. Обврската за уплата на судската такса по приговорот е утврдена со членовите 27 и 30 од Законот за судските такси и истата паѓа на судот, кој поднесува предлог за присилна наплата до Управата за јавни приходи. Притоа, одредбата од член 158 од Законот за нотаријатот не ги обврзува нотарите да се грижат за наплаќањето на судската такса за приговор против решение за издавање нотарски платен налог, туку истата одредба се однесува за преземање службени дејствија од нотар кога изготвува нотарски исправи. На тоа упатува одредбата дека нотарот не смее да ја издаде бараната исправа на странката пред таа да докаже дека ја платила таксата. Притоа, судовите немаат законски основ според Законот за нотаријатот, Законот за судските такси и Законот за парничната постапка да ги отфрлаат приговорите на должниците против решенијата на нотарите за издавање нотарски платни налози во ситуација на неплатена судска такса, во чија насока е и мислењето на Управата за јавни приходи бр. 2406 од 27.09.2022 година, добиено по барање од нотар за наплата на судска такса по присилен пат од страна на Управата за јавни приходи, кое се доставува во прилог на овој предлог“.

## Судска такса во оставинска постапка која нотарот ја води како повереник на судот

Кога нотарот постапува како повереник на судот, согласно со член 147 и член 148 од Законот за нотаријатот, во оставинска постапка, достава како доверена работа и сл., се применуваат одредбите од Законот за судските такси. Согласно со член 126 ставови (1) и (2) од Законот за вонпарнична постапка, нотарите постапуваат по предметите за спроведување на оставинската постапка за расправање оставина на државјанин на Република Северна Македонија, како повереници на судот. Притоа, надлежниот суд до нотарот доставува предмет со сите списи, во рок од осум дена од денот кога предметот ќе биде заведен во судот.

Начелно, според член 140 став (3) од Законот за вонпарнична постапка, кога во оставинската постапка нотарот постапува како повереник на судот, не се плаќа нотарска такса (законодавецот мисли на судска такса), а според член 3 став (7) од Законот за судските такси, кога оставинската постапка се води пред нотарот како повереник

на судот, не се плаќа такса, освен за поднесување на предлогот пред суд. Во врска со ваквото законско решение, во Книга втора – Вонпарнично право (автори: А. Јаневски и Т. Зороска-Камиловска, Скопје, 2010 година, стр. 120) дадено е следново образложение: „Со цел да не се поскапат услугите на граѓаните, посебно се водеше сметка при доверувањето во оставинската постапка да ја водат нотарите, постапката да не биде поскапа од оставинската постапка која ја водеа судовите. Поради ова, во оставинската постапка кога постапува нотарот како повереник на судот, не се плаќа нотарската такса“.

При приемот на предлогот за поведување на оставинската постапка, надлежниот суд е должен да провери дали подносителот ја има уплатено судската такса која, според Законот за судските такси – Таксената тарифа – Тар. број 4 точка 1), за предлог за поведување вонпарнична постапка износува 480,оо денари. Судскиот службеник во приемната писарница го потврдува износот на платената такса со внесување на овој податок во штембилот за потврдување прием на списите (член 135 став (2) алинеја 1) и 141 став (3) од Судскиот деловник). Веќе е кажано дека според член 3 став (1) од Законот за судските такси, таксите пропишани со овој закон е должно да ги плати лицето по чиј предлог се поведува постапката или во чиј интерес се преземаат дејствијата во постапката (таксен обврзник). Тоа значи дека грижата за наплата на судската такса е должен да ја води судот до кој е доставен предлогот за поведување на оставинската постапка, а не и нотарот кој постапува како повереник на судот, па така се постапува и во практиката.

XXX

Авторот укажува на тоа дека во трудот не се исцрпени сите прашања кои се однесуваат на наплата и уплата на судската такса која се плаќа за службените дејствија кои ги презема нотарот. Тоа значи дека и во иднина, како и досега, преку следење на нотарската практика, со активен придонес на нотарите, надлежните органи на Нотарската комора, ако за тоа се укаже потреба, треба да ги воочат спорните прашања и да донесат соодветни правни мислења или заклучоци, што ќе овозможи единствена примена на Законот за нотаријатот и Законот за судските такси, а од друга страна ќе се избегнат можните недоразбирања кои, понекогаш, доведуваат и до поведување дисциплинска постапка против нотарите.

# ЗА ПРАВОТО, ПРАВДАТА И ПРАВИЧНОСТА И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

**д-р Фиданчо Стоев**
судија во пензија

***Идејата на правото е да ѝ служи на правдата – како апсолутна вредност за заштита на слободата, правата и достоинството на секој човек.***

## Вовед

Еден од основните сегменти на правното образование и професионалност (и пошироко – стекнување правна култура) и од исклучителна важност е разбирањето, дефинирањето и толкувањето на правните поими во практиката.

Преку нив се изразуваат суштината и содржината – карактерот на еден правен систем или, поконкретно, на правните начела и норми на секој правен акт, почнувајќи од Уставот, законите и сите други општи прописи.

Посебно се важни општите правни поими споменати во насловот, кои секогаш не се наведуваат, но задолжително се присутни и се подразбираат, затоа што преку нив се изразува концептот – начелата на уставниот поредок и општите правила на меѓународното право.

Всушност, согласно со законодавната номотехника на пишувањето закони, веќе правило е редовната практика во секој закон, зависно од материјата што се уредува во него, во почетокот да се наведуваат најчестите и најзначајните правни поими (изрази) употребени во текстот на Законот – со кратко објаснување на нивното значење како важно помагало за нивното разбирање, толкување и поврзување на повеќе одредби, со кои директно или индиректно се споменуваат поимите право, правда или правичност.

Општо позната е изреката, според која низ вековите постои и се потврдува **верувањето**, дека во човековиот живот не е важно кој е прав – кој има право, туку кој победува. Ова верување во почетокот е резултат на употреба на сила, а подоцна тоа се потврдува во политичката демократска битка за освојување на власта, повеќе или помалку легално и легитимно усвоена за управување со општеството.

Позната е битката за победа на правото и правдата почнувајќи од создавањето на правото кое ги воспостави принципите на легалитет и легитимитет, за потоа истовремено постојано да се усовршува правото, тоа да биде јасно прецизно и праведно, за конечно да заврши со тенденција за негова непристрасна примена.

Во реалноста, сè уште е присутна дилемата за тоа во која институција е моќта во државата: во

законодавецот, во извршната или во судската власт. Со начелото за поделба на власта требаше да се воспостави баланс меѓу трите власти, со меѓусебно ограничување и контрола. Меѓутоа, почнувајќи од Советот за безбедност на ООН, па до владите на секоја национална држава, отворено или прикриено преку разни механизми и влијанија, тие сè уште ја имаат доминантната моќ во современото општество и во светот.

Можеби засега единствен одговор има во Библијата – Евангелие на Св. Лука, кој вели: моќта е во оној што ги има клучевите на знаењето.

Пораката е општа и се однесува на секој човек поединечно како граѓанин или како носител/вршител на одделни професионални задачи во институциите на уставните поредоци или во меѓународните институции и, се разбира, посебно на лицата носители на правната професија, кои се посветени на правото и правдата – на правниците, почнувајќи од професорите по право, судиите, обвинителите, адвокатите и во другите правни професии, вклучувајќи ги и нотарите, преку чија работа пулсира секојдневниот правен живот.

Во овој труд се прави обид да се изнесат најпрво суштината и соодносот меѓу правото, правдата и правичноста, кои меѓу себе се поврзани и проткаени, а потоа да се согледаат и начините на кои овие поими се инкорпорирани во концептот на Законот за нотаријатот од аспект на тоа:

1) На кои вредности му служи (ги заштитува) пропишаното право во овој Закон,
2) На кој начин се обезбедува правдата во нотарското работење и
3) Дали и како се применува начелото на правичност во нотарската служба.

# I СУШТИНАТА И СООДНОСОТ МЕЃУ ПРАВОТО, ПРАВДАТА И ПРАВИЧНОСТА

## А) ПОИМ НА ПРАВОТО

Авторите кои се занимаваат со филозофијата на правото тврдат дека „правото потекнува од правдата како од своја мајка“, па според тоа правдата настанала и постоела пред правото.[1]

[1] Густав Редбрух, Филозофија на правото, 1973, Правен факултет – Белград, 1998 година.

Прифаќајќи ја наведената теза, споменатиот автор смета дека поимот на правото е културен поим, поим на една стварност наречена право – чија смисла е да служи (да заштитува) **определена правна вредност**, што може да се дефинира како „идеја на правото“, која, пак, не може да биде ништо друго освен правда определена како еден вид апсолутна вредност, повикувајќи се на најголемите антички доблести/вредности:

- **Вистината што е предмет на утврдување на човековиот разум,**
- **Убавината што е предмет на верификација на човековите сетила и**
- **Добротата што е предмет на изразување на човековата волја и стремеж.**

Таа поврзаност на правото и правдата изразена во тезата дека идејата на правото е да ѝ служи на правдата – како општа релација, би значела дека право е она право кое е праведно и дека неправедното право не е право, туку неправо. Меѓутоа, фактички, во реалноста и неправедното право е право, затоа што својството и содржината на правото често не се стекнува во конкретна согласност со правдата, туку со државната санкција. А, несомнено, правото мора да води сметка и за други општествени и државни цели: за мирот и војната, за социјални и економски барања и потреби, за индивидуални и јавни интереси и др., па затоа правото понекогаш мора да биде и неправо, затоа што заштитата на една вредност може да биде ограничување на друга вредност.

Оттука, поимот на правото е сложен правен поим во чија дефиниција се опфаќаат повеќе елементи:

Тоа е систем на норми кои ги донесува и санкционира државата со својата потреба и принуда, тоа е збир на правни норми со кои се уредуваат општествените односи и се утврдуваат и обезбедуваат основните човекови права и слободи, тоа е средство за остварување и на јавните/заедничките интереси, но и на индивидуалните интереси и права, тоа ги обезбедува редот и мирот во едно општество и го одржува по потреба и со принуда уставно-правниот поредок.[2]

[2] Политичка енциклопедија, современа администрација Белград, 1975 година, и правен лексикон на современа администрација Белград, 1970 година

Во битката меѓу човекот и власта низ вековите постојано се зголемуваат значењето и улогата на правото, се проширувaат вредностите кои тоа ги штити и претставува средство за менување на општествените системи глобално во историјата, за конечно, во 18 век, граѓанските револуции да доведат и до правна револуција со воведување на конституционализмот (уставно-правно уредување на државната организација, видовите институции, нивното конституирање и одговорност и др.), кој е основа за почетокот на функционирањето на правната држава и владеење на правото, односно освојување на власта на демократски начин врз основа на начелото на народниот суверенитет и избирачкото право на граѓаните. На меѓународен план, пак, во средината на минатиот век, со меѓународното право се заштитија две вредности кои беа дигнати на пиедестал како идеи-водилки:

1) Да се развиваат пријателски односи меѓу нациите, засновани на почитување и рамноправност на народите, поголеми или помали, и нивно право на самоопределување со цел да се зацврсти мирот во светот и

2) Признавањето на вроденото достоинство и на еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човештвото се темели на слободата, правдата и мирот.[3]

За жал, повеќе од 80 години овие вредности останаа недоволно заштитени, односно сè уште без ефикасна судска заштита, освен делумно со Судот во Хаг за кривичните дела и злосторства и Европскиот суд за човекови права во примената на Европската конвенција за човекови права.

## Б) ПОИМ НА ПРАВДАТА

Правдата исто така е сложен поим и се изразува во повеќе димензии:

Од политичко-социјален и правен аспект, правдата е вредност (апсолутна), чија суштина можеби најдобро и наједноставно е изразена во познатата Алпијанова дефиниција, според која: правдата е постојана и непрекината волја секој да го добие своето право. Оваа дефиниција се смета за субјективна правда или поточно како духовен стремеж и волја на секој насочена кон објективната правда, која како објект на своето вреднување на праведноста зема некој однос меѓу луѓето или некое добро во општествениот поредок.

Од строго правен аспект, правдата се дефинира како општо правно начело според кое треба да му се даде на секој она што му припаѓа.[4]

Во објективна практична смисла, од правен аспект, правдата значи почитување на Законот, или право и должност на судијата да го почитува законот во конкретен случај, потоа самиот закон да биде праведен, а тоа значи еднаквост пред Законот на сите луѓе и добра.

Кога се работи за еднаквост пред законот како мерка на правдата, познато и ненадминливо е Аристотеловото учење за правдата, според кое постои:

1) **Комутативна правда** – сразмерна еднаквост меѓу трудот и наградата, меѓу штетата и надоместокот, меѓу тежината на кривичното дело и казната и др.

2) **Дистрибутивна правда** – релативна правда (еднаквост), значи законот предвидува постапување и однос различен спрема различни лица, состојби и предмети: данок според имотот, помош според материјалната состојба, наградување според заслугите, казнување според вината и др.

Комутативната правда се применува во приватното, а дистрибутивната правда во јавното право.[5]

Во современиот свет и одделно во секоја држава, не само автократска туку и со демократска власт, верувањето во идејата на правото и правдата сè уште е перспектива и покрај тоа што процесот на постојан стремеж и потрага за праведно општество се одвива уште од создавањето на правото и неговата идеја за спроведување на правдата, прогласувајќи ги човековото достоинство, слободи и права како најголема вредност. Релацијата меѓу правдата и власта најавтентично и јасно ја изразил Блез Паскал, според кој:

Правдата е немоќна пред силата – власта, односно државата;

[3] Исто стр. 39

[4] Повелба на ООН

[5] Правен лексикон, исто стр. 836

Силата е деспотска без правдата;

Правдата и силата треба да ги составиме; и

Треба да се трудиме она што е праведно да биде силно, а она што е силно да биде праведно.

### В) ПРАВИЧНОСТ

Правичноста е правен поим кој може да се дефинира како правда во посебен, конкретен случај, на кој ако би се применила правната норма, би било неправда. Значи правдата и правичноста не се различни вредности, туку различни патишта да се дојде до единствената правда: правдата го гледа поединечниот случај од гледиште на општата норма, а правичноста во поединечниот случај бара соодветен закон кој може да биде издигнат до степен на општ закон.
Според друго мислење, правичноста е непишано право, но посебно право кое го опфаќа она што со законот е пропуштено, па правичноста е негово дополнување и по неа законот се применува по својот дух, а не по неговите букви.

Според теоријата на правичноста, законот е општа норма која предвидува апстрактни случаи/ситуации. Меѓутоа, секој конкретен случај се разликува од некој апстрактен случај предвиден во законот. Поради тоа, механичката примена на законот на посебни случаи кои отстапуваат од законот би била неправда, т.е. незаконитост, бидејќи остварувањето на законот е остварување на правдата.

Од гледиште на позитивното право, непримената на правната норма поради неправичност отвора можности за злоупотреба на правото во име на правичноста.

Оттука, преовладува мислењето дека по правичност можат да се решаваат посебни специфични случаи само ако во тоа позитивно право е излишно предвидено да се отстапи од примената на пишаното право во корист на правичноста.[6]

Во Законот за судовите на РМ од 1996 година беше пропишана можност за примена од судовите на принципот на правичност во член 4 од законот според кој судовите донесуваат одлуки засновани врз Уставот, законот и ратификуваните меѓународни договори **водејќи сметка за принципот за правда и правичност.** Меѓутоа, овој дел од членот беше укинат од Уставниот суд во 1996 година, како спротивен на Уставот, иако од денешен аспект таа визионерска идеја многу често се применува во практиката на Европскиот суд на човековите права.

[6] Густав Редбрух, исто стр. 40

## II ФОРМИ И ДИМЕНЗИИ НА ПРАВОТО, ПРАВДАТА И ПРАВИЧНОСТА ВО КОНЦЕПТОТ НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

### А) КОИ ВРЕДНОСТИ ГИ ШТИТИ И СО КОИ ВИДОВИ ПРАВО СЕ УРЕДУВА МАТЕРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НОТАРИЈАТ

Една од специфичностите на Законот за нотаријатот (во натамошниот текст: ЗН) е тоа што материјата што се уредува за институцијата нотаријат се врши со јавното право пропишано од државата и со автономното право пропишано од Нотарската комора.

Ова е условено и резултат на прифатениот модел на нотаријат во сите три досега донесени закони, а тоа е прототипот на т.н. меѓународен латински нотаријат, кој е усвоен од 91 држава на пет континенти.

Овој модел на нотаријат се заснова на два принципа:

1. Нотаријатот има статус на јавна служба/нотарска служба која врши одреден вид јавни овластувања утврдени и донесени со законот,
2. Носители на нотарската јавна служба – а тоа значи вршители на јавни овластувања, се нотари со двоен статус. Тие се: 1) јавни службеници, затоа што ги именува министерот за правда кој врши надзор над нивната работа за законито и правилно вршење на јавните овластувања, 2) нотарите имаат статус на слободни, самостојни и независни професионални лица кои се одговорни за законито и совесно вршење на нотарските работи, односно овластувања и должности пред Нотарската комора и пред странките за евентуална штета сторена во работата.

Тоа двојство во статусот на нотарите и нивната одговорност пред Министерството за правда и пред Нотарската комора произведува двојство и во видовите на правото во ЗН. Поточно, нотаријатот како јавна служба се уредува и функционира врз основа на јавното право на државата и автономното право на Нотарската комора, и тоа:

## Што уредува јавното право на државата во ЗН

Во законот детално се уредува:

- Статусот на нотаријатот како нотарска јавна служба;
- Видовите јавни овластувања, односно делокругот на работа на нотарската служба и начелата на нејзиното функционирање;
- Статусот на нотарот и видовите на нотарските исправи и заверки со децидно определување строги правила за нивно донесување од нотарите;
- Нотарските овластувања и должности поврзани со делокругот на нотарското работење;
- Нотарската тарифа за висината на надоместокот за нотарската услуга за определени нотарски дејствија;
- Одговорност за штета на странките од страна на нотарите;
- Организација и органите на Нотарската комора;
- Видовите надзор и дисциплинска одговорност на нотарите;
- Постапката за именување и разрешување на нотарите и др.

## Што се уредува со автономното право на Нотарската комора во ЗН

Предвидени се два вида прашања на автономно уредување:

1. Право и овластувања на Нотарската комора да ги доуредува следниве прашања:

- Да донесува свој Статут и др. општи акти со кои ги доуредува својата организација, надлежностите и начинот на избор на нејзините органи;
- Утврдено е право и обврска на Нотарската комора да се грижи за законитото работење на нотарите и да врши внатрешен надзор над нивното работење;
- Право и обврска на Нотарската комора да се грижи за законито, совесно и одговорно вршење на нотарската служба и за чување на угледот и достоинството на нотаријатот како институција;
- Да се грижи и да ги штити правата и интересите на нотарите согласно со законите и во односите со другите органи и институции;
- Да донесе Кодекс за професионалната етика на нотарите, да основа Нотарска академија и да се грижи за едукација и унапредување на професионалноста на нотарите.

2. Право на Нотарската комора да учествува во одлучувањето за прашања за кои е надлежно Министерството за правда:

- Дава мислење на Министерството за правда за распуштање на УО на Нотарската комора;
- Комисијата на Нотарската комора го спроведува конкурсот за именување нотари со утврдување на ранг листа на пријавените кандидати по која Министерството е должно да постапи;
- Комората води Именик на нотари и го подготвува и почетокот на работа на новоименуваните нотари;
- По барање на нотарот, Нотарската комора ги издава службените печати и штембили;
- Министерството за правда може да побара мислење од Комората за разрешување нотар;
- Ако службено подрачје остане без нотар, Претседателот на Комората определува нотар од соседното подрачје да ги врши нотарските работи;
- Отсуство на нотар до 10 дена одобрува Комората, а за подолго – Министерството за правда;
- Нотарската комора, а не Министерството, одлучува по жалба против решение на нотар кој одбил да преземе службено дејствие;
- За изземање на нотар одлучува Претседателот на Комората;
- Претрес на нотарска канцеларија по барање на Обвинителство се врши со присуство на Претседателот на Комората;
- Ослободување од нотарски трошоци во постапките пред нотар дава Комората;

- Нотарската комора дава мислење на Министерот за Нотарската тарифа;
- Комората врши надзор над работата на нотарите и
- Претседателот на Комората може да поведе дисциплинска постапка против нотар.

Како заклучок, може да се каже дека вредностите на кои им служи пропишаното јавно право на државата во законот и автономното право на Нотарската комора се:

1. Законито, стручно и совесно вршење на нотарските овластувања и должности;
2. Одговорност на нотарот за евентуална штета во вршењето на нотарската служба;
3. Неспорност на правните односи во постапката пред нотар, во која најважна е волјата на странките како заштитена вредност;
4. Надзор над работата на нотарите и од државата и од Комората;
5. Обврска на Комората да се грижи за угледот, достоинството и довербата во вршењето на нотарската служба;
6. Право на награда и надоместок на трошоци на нотарот во работата;
7. Правото на судска заштита на странките за евентуална ништовност на нотарската исправа;
8. Приговор против решение на нотар за непреземање службено дејствие;
9. Право на приговор против оставинско решение донесено од нотар;
10. Право на приговор против нотарски платен налог;
11. Дисциплинска одговорност на нотарот за повреда на законот и Кодексот за професионална етика на нотарите и
12. Брзо и ефикасно постапување по барање на странките.

## Б) НАЧИН И СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРАВДА ВО ЗН

Основна карактеристика и значење на нотарската јавна служба е нејзината улога и функција да обезбеди остварување на т.н. **превентивна правда** со решавање/уредување на меѓусебните односи на странките со нивна согласност.
Нотарската служба го обезбедува ова со:

1) Доследно, непристрасно и професионално утврдување и респектирање на волјата на странките, која е во рамките на законот, односно законитоста при составувањето на нотарските исправи како веродостојни јавни исправи со кои неспорно се докажува и признава она што се уредува со нив, извршност за парични побарувања на странките при издавање нотарски платен налог или донесување оставинско решение;

   На тој начин се обезбедува висок степен на превентивна правда, без потреба од судски спорови и, по правило, долги судски постапки.

2) Со превентивната правда се влијае на зајакнување на правната сигурност на граѓаните и на другите правни субјекти со издавање бројни исправи и акти со кои се создаваат услови и состојби во државата за одвивање легалитет во правниот живот и промет, што е од посебно значење за почитување и за владеење на правото во општеството;
3) Суштествен дел на превентивната правда е брзото и ефикасно остварување на правните услуги и потреби на граѓаните и на други правни субјекти за остварување на своите права и интереси;
4) Со редовен и вонреден надворешен и внатрешен надзор над работењето на нотарите се спречува и евентуално незаконско работење, но и дисциплинска одговорност за незаконито, нестручно и несовесно постапување на нотарите во вршењето на службата и
5) Со спречување на обидите за незаконитости во постапките пред нотар, со можноста нотар да одбие преземање на службено дејствие.

## В) ПРИМЕНАТА НА ПРАВИЧНОСТА ВО ПОСТАПКИТЕ ПРЕД НОТАР

Едно од начелата на нотаријатот како јавна служба е правото на нотарот на награда/надоместок за извршената работа и надоместок за трошоците во вршењето на службата, чија висина се утврдува со Нотарската тарифа, која ја донесува Министерството за правда по претходно

мислење на Нотарската комора и согласност од Владата.

Истовремено, во Законот е утврден исклучок од ова пропишано право, односно предвидена е можност за ослободување на странка од плаќање на трошоците во постапките пред нотар, и тоа од такса, награда и од трошоците на нотарот.

Тоа е типичен случај на правичност, а под услови утврдени во Законот за парничната постапка, кои ги применува Нотарската комора, а тоа се случаи на лица/странки со слаба имотна состојба кои не можат да ги платат трошоците без да се загрози нивната или егзистенцијата на нивното семејство.

## III ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Треба да се очекува дека концептот на нотаријатот како јавна служба функционално е поставен на принципот на јавно-приватно партнерство, ќе се развива и унапредува во правец на намалување на јавното право на државата, а на зголемување на автономното право на Нотарската комора во сферата на подготовката и именувањето на нотарите, во организацијата и надлежностите на органите на Комората задржувајќи ја надворешната контролна функција, но зголемувајќи ја одговорноста на Комората за успешно функционирање на нотарската служба преку нормативна ефикасна примена на статутот и другите општи акти, а особено на Кодексот на професионална етика на нотарите и професионалното унапредување на нотарската служба преку Нотарската академија.

2. Прашањето за јавните овластувања, односно надлежностите на нотарската служба е прашање на јавното право, а нејзиното функционирање се очекува да се проширува и со зголемена одговорност на Комората.

3. Унапредувањето на превентивната правда би требало да се заснова врз слободниот избор и волја на странките за тоа дали правниот промет и живот ќе го остваруваат непосредно преку нотарите, со или без ангажирање на адвокати, и тоа како во издавањето на нотарските исправи така и во донесувањето на нотарските платни налози и во расправата на оставински постапки и донесување оставински решенија.

4. Примената на начелото на правичност во постапките пред нотар треба да се очекува дека е можно и да се зголемува и да се намалува, што зависи од економско-социјалната состојба во државата и остварувањето на социјалната функција во државата и потребата од т.н. социјална правда, меѓу другото, и во постапките пред нотар и

5. Во новиот дигитален свет, кој забрзано навлегува во животот, и со примената на вештачката интелегенција, се отвораат нови можности, но и предизвици. Едно од прашањата е како ќе се одговори во секој национален уставно-правен систем, како и во меѓународното право, како во новите услови и околности ќе се остварува идејата и смислата на правото да ѝ служи на правдата како апсолутна вредност за заштита на слободата, правата и достоинството на секој човек, каде и да живее на планетата Земја.

# ГЛАВА II >>

## ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР НА ОРГАНИ НА НОТАРСКА КОМОРА

Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија на XIII редовна седница одржана на 25.4.2025 година едногласно ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Во согласност со член 15 став (1) алинеја 2 од Статутот на Нотарската комора и членовите 5 и 6 од Правилникот за работа на Нотарската академија:

- за претседател на Нотарската академија се именува
  Марјан Коцевски – нотар од Куманово,

- за членови на Советот на Нотарската академија се именуваат:
  Муамет Шеху – нотар од Скопје,
  Александар Шопов – судија во Апелационен суд Скопје,
  Наталија Донева – судија во Апелационен суд Скопје и
  д-р Афет Мамути – професор на Правниот факултет – Универзитет во Тетово.

2. Мандатот на претседателот и членовите на Советот на Нотарската академија трае 3 години, а започнува да тече од денот на нивното конституирање.

3. Одлуката стапува во сила веднаш по донесувањето.

НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ
Претседател
Методија Ристоски с.р.

# ГЛАВА III >>

## СЕНТЕНЦИ

**Не е во несогласност со член 52 и член 55 став (1) од Законот за нотаријатот ако нотар, на барање на странките, состави договор за продажба на недвижен имот во форма на нотарски акт.**

## Од образложението:

Во Предлогот за покренување дисциплинска постапка доставен од страна на Министерството за правда, УПП бр..., до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, се укажува дека нотарот Н.Н., спротивно на член 52 и член 55 став (1) од Законот за нотаријатот, под ОДУ бр. 93/22, составил нотарски акт – Договор за продажба на недвижен имот – земјоделско земјиште, склучен меѓу..., за правна работа за која нотарски акт не е задолжителен, па на таков начин сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 12) од Законот за нотаријатот, со предлог да му биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцената на наводите од Предлогот за поведување дисциплинска постапка, одбраната на Нотарот и на изведените докази, Дисциплинскиот совет ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 17.02.2022 година, под ОДУ бр. 93/22, нотарот Н.Н. составил нотарски акт – Договор за продажба на недвижен имот – земјоделско земјиште, детално опишан во член 1, склучен помеѓу И.П. како продавач и Ј.М. како купувач, за цена од 180.000,оо денари, за кои е платен данок во износ од 7.860,оо денари, што е видно од потврдата бр. 22-22/143 од 22.02.2022 година, издадена од страна на Општина С. Претходно, на ден..., во „Сл. весник на РСМ" објавен е оглас со кој продавачот И.П., согласно со член 15 од Законот за земјоделското земјиште, предметното земјоделско земјиште го понудува за продажба на граничарите чиешто земјиште се граничи со земјиштето кое е предмет на продажбата. Продавачот П.И. со писмено барање од ... година има побарано Нотарот да изготви нотарски акт за продажба на предметниот недвижен имот.

При ваквото утврдување, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, нотарот Н.Н. ја нема сторено дисциплинската повреда од член 140 став (1) алинеја 12) од Законот за нотаријатот – „непридржување кон законските одредби од кои зависи важноста на нотарската исправа", на која се укажува во Предлогот за поведување дисциплинска постапка, поради следниве причини: со член 52 од Законот за нотаријатот утврдени се случаите кога за правни работи е задолжителен нотарскиот акт, меѓу кои не спаѓа предметниот договор за продажба на недвижен имот. Според член 55 став (1) од истиот закон, ако не е во прашање правна работа за која според овој закон е задолжително постоење на нотарски акт, странките се должни приватната исправа за правната работа врз основа на која се стекнува, престанува, пренесува или ограничува право на сопственост или друго право на недвижност, или исправа за кои се водат јавни книги, да ја потврдат кај нотар. Според став (2), приватната исправа од став (1) на овој член задолжително треба да биде составена од адвокат и да содржи адвокатски печат и потпис доколку се работи за правна работа со вредност од над 10.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија. Конечно, според член 3 став (4) од Законот за нотаријатот, меѓу другото, нотарската служба се врши и врз основа на начелото на диспозиција на странките. Според тоа, во конкретниов случај, нотарот Н.Н. постапувал во рамките на поставеното писмено барање на продавачот П.И. во договорот за продажба на недвижен имот за составување нотарски акт, при што не постоел законски основ, според утврдената фактичка состојба по предметот, да одбие преземање на службеното дејствие согласно со член 30 став (1) од Законот за нотаријатот. Ова поради тоа што наведениот член 52 од Законот за нотаријатот, кој определува за кои правни работи нотарскиот акт е задолжителен, не содржи изречна забрана за составување таков акт за правни работи за кои не е задолжителен според законот, а таква забрана не содржи ниту член 55 од истиот закон. Поаѓајќи од уставното начело

дека сè што не е забрането со закон е дозволено, Дисциплинскиот совет наоѓа дека токму таков е конкретниов случај, на што основано укажува нотарот Н.Н. во изнесената одбрана. Од друга страна, Дисциплинскиот совет го има предвид фактот дека нотарскиот акт, во однос на другите нотарски исправи определени со член 4 од Законот за нотаријатот, е со појака правна сила. Имено, формата на нотарскиот акт и законските обврски кои при неговото составување ги има нотарот обезбедуваат сигурност на правниот промет, бидејќи кај учесниците, по чие кажување се составува, предизвикува поголемо внимание и грижа за правната работа која ја склучуваат, со што се намалува можност од настапување на штетни последици за учесниците во склучената правна работа, ако се има предвид и фактот дека нотарот, согласно со член 3 став (3) од Законот за нотаријатот, нотарската служба ја врши слободно, стручно и непристрасно.

Поаѓајќи од наведеното, Дисциплинскиот совет наоѓа дека нотарот Н.Н., преземајќи го наведеното нотарско дејствие за составување на нотарскиот акт ОДУ бр. 93/22, а поаѓајќи од содржината на цитираните законски одредби, постапувал во согласност со Законот за нотаријатот, што значи дека не ја сторил дисциплинската повреда за која се товари со Предлогот за поведување дисциплинска постапка бр..., бидејќи во спротивно, со неоправдано одбивање на преземање службени дејствија, би сторил една од дисциплинските повреди утврдени со наведениот закон.

Поради наведеното, Дисциплинскиот совет, постапувајќи согласно со член 24 став (1) точка 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, нотарот Н.Н. го ослободи од одговорност дека сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 12) од Законот за нотаријатот, на која се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинската постапка бр...

(Решение на Дисциплинскиот совет ДП бр. 14/2022 од 21.12.2022 година, со каква што содржина се и решенијата ДП бр. 6/2024 од 18.11.2024 година, ДП бр. 11/2024 од 3.12.2024 година и др.)

**Нотарот кој има потреба да биде отсутен од местото на своето службено седиште каде што ја врши работата, поради службена или друга работа, за време не подолго од 10 работни дена, должен е пред денот на отсуството да ја извести Нотарската комора, а во исклучителни случаи, најдоцна на денот на отсуството.**

## Од образложението:

Во Предлогот за поведување дисциплинска постапка против нотарот Н.Н., доставен од страна Нотарската комора на Република Северна Македонија, бр..., до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора, се укажува дека нотарот Н.Н. постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторил дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 4) од Законот за нотаријатот – „непријавување на своето отсуство од местото на своето седиште каде што ја врши работата", со предлог да му биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Нотарот Н.Н. во изнесената одбрана, меѓу другото, укажува дека секогаш кога бил отсутен од работа имал заменик, за што била известена Нотарската комора. Во случајов изготвил известување и мислел дека било упатено по мејл до Комората, но тоа не го сторил поради превид сторен од негова страна.

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување дисциплинска постапка, одбраната на Нотарот и изведените докази, Дисциплинскиот совет ја утврди следната фактичка состојба:

Нотарот Н.Н. во временскиот период од 01.05.2022 до 09.05.2022 година, без да ја извести Нотарската комора, отсуствувал од местото на своето службено седиште во П., каде што ја врши работата, за кое време во нотарската канцеларија работите ги извршувал помошник-нотар, а не и заменик-нотар.

Според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, постапувајќи на понапред утврдениот начин Нотарот постапил спротивно на член 28 став (1) и 112 став (1) од Законот за нотаријатот. Имено, според член 28 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарот кој има потреба да биде отсутен од своето службено седиште каде што ја врши работата, поради службена или друга работа, за време не подолго од 10 работни дена, должен е пред денот на отсуството да ја извести Комората, а во исклучителни случаи, најдоцна на денот на отсуството. За отсуство подолго од 10 работни дена до 60 работни дена, дава Комората, а за отсуство подолго од 60 дена одобрение дава Министерството за правда, а според член 112 став (1), ако нотарот е отсутен, болен или од други оправдани причини е спречен да ја врши својата служба, може да се именува заменик-нотар, кој се запишува во Именикот на заменик-нотари што го води Комората.

Меѓутоа, според утврденото, во конкретниов случај нотарот Н.Н. не постапил на наведениот начин, не ја известил Нотарската комора за своето отсуство, со што сторил дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 4) од Законот за нотаријатот – „непријавување на своето отсуство од местото на своето седиште каде што ја врши работата".

Дисциплинскиот совет ја ценеше изнесената одбрана од страна на Нотарот, меѓутоа ја оцени како неоснована. Ова, пред сѐ, поради тоа што со изнесената одбрана не се негираат констатациите на Комисијата на Нотарската комора која извршила вонреден надзор над работењето на Нотарот на ден ..., туку само се појаснуваат причините поради кои Нотарот постапил на понапред утврдениот начин.

При одмерување на дисциплинската мерка, Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 133 став (2) од Законот за нотаријатот и член 23 став (1) од Правилникот за дисциплинска одго-

ворност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на РСМ, кои се од влијание врз видот и висината на казната.

Имајќи го предвид наведеното, нотарот Н.Н. е огласен виновен за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 4) од Законот за нотаријатот – „непријавување на своето отсуство од местото на своето седиште каде што ја врши работата“, поради што е казнет со дисциплинска мерка – јавна опомена.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на решениево, согласно со член 24 став (2) точка 5) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

(Решение на Дисциплински совет ДП бр. 8/2023 од 14.05.2024 година)

**Во постапката пред нотар, за правни работи и дејствија за кои тоа по закон е дозволено, учесникот може да презема дејствија преку полномошник доколку истиот приложи заверено полномошно.**

## Од образложението:

Во Предлогот за поведување дисциплинска постапка против нотарот Н.Н., доставен од страна Министерството за правда, Упп бр...., до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, се укажува дека именуваниот Нотар, во постапката за составување на нотарската исправа ОДУ бр. 1577/2022 од 2.12.2022 година – потврдување на приватна исправа – Договор за дар на недвижен имот, не постапил во согласност со член 95 став (1) од Законот за нотаријатот, со што сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 12) од Законот за нотаријатот, со предлог да му биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување дисциплинска постапка, одбраната на нотарот Н.Н. и изведените докази, Дисциплинскиот совет ја утврди следната фактичка состојба:

Во предметот заведен под ОДУ бр. 1577/2022 од 2.12.2022 година, нотарот Н.Н. потврдил (солемнизирал) приватна исправа - Договор за дар на недвижен имот склучен на ден 30.11.2022 година, помеѓу Н.С., како дарувач, и Исламска верска заедница на РСМ, како даропримач, преку полномошникот С.З. од Г. Како прилог на нотарската исправа е нотирано полномошното бр. 02-557 од 1.12.2022 година, издадено од ИВЗ на РСМ, кое не е заверено кај нотар. Потписот на давателот на полномошното Ш.Ф., претседател на ИВЗ, е депониран во Нотарската комора под број 496 од 8.7.2020 година.

Според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, постапувајќи на понапред утврдениот начин нотарот Н.Н., во врска со полномошното бр. 02-557 од 1.12.2022 година, не постапил во согласност со член 95 став (1) од Законот за нотаријатот, според кој во постапката пред нотар, за правни работи и дејствија за кои по закон тоа е дозволено, учесникот може да презема дејствија преку полномошник, доколку истиот приложи заверено полномошно. Ова поради тоа што наведеното полномошно не е заверено согласно со член 86 од Законот за нотаријатот – „Заверка на потпис или ракознак“.

Во врска со наведеното прашање, Дисциплинскиот совет ја ценеше изнесената одбрана од страна на Нотарот, но ја оцени како неоснована. Предното поради тоа што постои разлика помеѓу заверката на полномошно и депонирање на потпис согласно со член 111 став (5) од Законот за нотаријатот, и член 4 став (1) алинеја 3), а во врска со член 39 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија („Сл. весник на РМ“ бр. 226/16). Имено, според член 111 став (5) од Законот за нотаријатот, Комората води Книга на депонирани потписи (КПД) на овластени лица на државни органи, јавни претпријатија, други јавни институции, банки и други органи и организации за кои постои неопходна потреба за непречено извршување на нотарските службени дејствија. Овластените лица го вршат депонирањето на својот потпис пред претседателот на Комората, а во согласност со Правилникот за депонирање на потписи во Нотарската комора на Република Северна Македонија.

Според тоа, неосновано е укажувањето на Нотарот дека во случајов се работи само за техничка грешка ако се има предвид дека Реисул-Улема на ИВЗ го има депонирано својот потпис на понапред утврдениот начин, а дека приложеното полномошно не е заверено согласно со цитираниот член 95

став (1), а во врска со член 86 од Законот за нотаријатот. Ова поради тоа што со заверката на полномошното истото се авторизира во постапката пред нотарот, и тоа посебно е утврдено со цитираниот член 95 став (1) од Законот за нотаријатот.

При утврдувањето на правната квалификација на сторената дисциплинска повреда, Дисциплинскиот совет се раководи со член 25 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, според кој не е врзан за предлозите на подносителот на предлогот за поведување дисциплинска постапка во поглед на правната оцена на дисциплинската повреда. Според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, во конкретниов случај нотарот Н.Н. со наведеното дејствие сторил дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, а не и повреда од член 140 став (1) алинеја 12), на која се укажува во Предлогот за поведување дисциплинска постапка УПП бр...

Поради напред образложеното, нотарот Н.Н. е огласен виновен за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради што му е изречена дисциплинската мерка – јавна опомена.

(Решение на Дисциплинскиот совет, ДП бр. 9/2024 од 18.11.2024 година)

# ГЛАВА IV

## ЈАВНИ ОПОМЕНИ

## ДП бр. 04/2024

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 04/24 од 14.5.2025 година, спрема нотарот Л. В. за подрачје на Основниот суд во Куманово, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП бр. 03/2025

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ" бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 03/25 од 15.5.2025 година, спрема нотарот Д. З. за подрачје на Основните судови на градот Скопје, за сторени дисциплински повреди од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП бр. 04/2025

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 04/25 од 15.5.2025 година, спрема нотарот Е. Б. за подрачје на Основните судови на градот Скопје, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП бр. 05/2025

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 05/25 од 30.9.2025 година, спрема нотарот Г. Ѓ. за подрачје на Основниот суд во Велес, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП бр. 06/2025

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 06/25 од 30.9.2025 година, спрема нотарот Г. Ѓ. за подрачје на Основниот суд во Велес, за сторени дисциплински повреди од член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП бр. 07/2025

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 07/25 од 30.9.2025 година, спрема нотарот К. К. за подрачје на Основните судови на градот Скопје, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП бр. 08/2025

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 08/25 од 21.10.2025 година, спрема нотарот Д. Л. за подрачје на Основните судови на градот Скопје, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП бр. 09/2025

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 09/25 од 21.10.2025 година, спрема нотарот Ф. Т. за подрачје на Основниот суд во Гостивар, за сторени дисциплински повреди од член 139 став (1) алинеи 3) и 5) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

# ГЛАВА V >>

## ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ


НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE DU NORD
ИМЕНИК
НА НОТАРИТЕ
@
Нотарска комора на Република Северна Македонија
1000 Скопје, бул. „8 Септември“ бр. 2
Тел.: +389 2 3115 816
Секретар (лице за контакт): моб.: +389 78 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk • www.nkrm.org.mk

## 1000 СКОПЈЕ ++389

## НОТАРИ СО СЛУЖБЕНО СЕДИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

| # | СЛИКА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | АДРЕСА | ТЕЛ./ФАКС |
|---|---|---|---|---|
| 01 |  | **Анита АДАМЧЕСКА** | Васил Главинов 3-3/2 | 02/3225-365<br>070/740-461<br>anita_notar@yahoo.com |
| 02 |  | **Мајљинда АЈДАРИ** | Крсте Мисирков 918/1/1-8 | 02/3203-907<br>070/374-284<br>majlinda.ajdari@gmail.com |
| 03 |  | **Фатмир АЈРУЛИ** | Њуделхиска 15А-1/Б | 02/2656-866<br>076/260-053<br>fatmir.ajruli@nkrm.org.mk<br>fatmirajruli@gmail.com |
| 04 |  | **Анета ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА** | Плоштад Македонија Никола Вапцаров 3/1 | 02/3114-008; 02/3165-018<br>078/307-922; 070/307-922<br>aneta@notari-petrovski.mk<br>beti@notari-petrovski.mk |
| 05 |  | **Башким АМЕТИ** | Ѓорче Петров 33 зграда 1, локал 8 | 02/2051-419<br>070/444-400<br>notar.ameti@gmail.com |
| 06 |  | **Ванчо АНДОНОВСКИ** | Кочо Рацин 7А/1-2 | 02/3136-178<br>075/554-433<br>notarandonovski@t.mk<br>backoffice@t.mk |
| 07 |  | **Агрон АРСЛАНИ** | Џон Кенеди 155 влез 002 мезанин 007 | 02/2667-666<br>071/658-555<br>agron.arsllani@nkrm.org.mk<br>notar.agronarsllani@hotmail.com |
| 08 |  | **Елхам БИСЛИМИ** | Љуба Ивановиќ 3 | 02/2661-669<br>070/208-176<br>elham.bislimi@yahoo.com |
| 09 |  | **Сања БОЗОСКА** | Петричка 6/I-4 | 02/5203-800<br>075/342-844<br>notar.bozoska@gmail.com |

| # | СЛИКА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | АДРЕСА | ТЕЛ./ФАКС |
|---|---|---|---|---|
| 10 |  | **Ана<br>БРАШНАРСКА** | Македонија<br>31-1/3 | 02/3100-130<br>072/248-915<br>info@notarbrasnarska.mk<br>contact@notarbrasnarska.mk |
| 11 |  | **Срна<br>БУБЕВСКА** | Јане Сандански<br>24<br>локал 5 | 02/2450-004<br>070 399 870<br>notarsrna@gmail.com<br>notarklient@gmail.com |
| 12 |  | **Сашо<br>ВАСИЛЕВСКИ** | Св. Кирил и Методиј<br>52 Б/1-3 | 02/3161-110<br>070/237-006<br>sasho.k.vasilevski@gmail.com |
| 13 |  | **Душко<br>ВЕСКОВСКИ** | Самоилова<br>2 | 02/512-2273<br>075/437-627<br>notar@duskoveskovski.mk |
| 14 |  | **Ана<br>ВЕСОВА** | Ѓорче Петров<br>11<br>локал 7 | 02/2039-717<br>071/227-557<br>notaranavesova@gmail.com |
